**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение од Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11.40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски,претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места, информиран сум дека се потпишани 70 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по 98-та на Собранието на Република Македонија.

Процедурално, повелете господине Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги пратеници,

Сега е 11,45 часот. Работата на Собранието започнува во 11,00 часот. На минатата седница, вие не бевте присутен, беше потпреседателот, побарав и сега барам јавно од вас како претседател на Собранието во договор со политичките квази лидери да договорите да се распушти Собранието и да одиме на избори. На 2 -ри, ќе добиеме покана, недела на 6 април, да има избори. Вака Собранието ќе почне во 12,00 часот, во 15,00 часот немаме кворум, само за џабе ги трошиме парите и нервите на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Фактот врз кој се базира вашиот аларм е точен, меѓутоа, сметам дека алармот е малку претеран, но во секој случај, ја користам оваа интервенција на господинот Рахиќ да ве потсетам дека првите пет закони на дневен ред овде имаат европска референца и колку што гледам, тие се и задните, да ве потсетам за тие закони имаме еден посебен третман да ги донесеме. Затоа барем да почнуваме со работа на време.

(Уфрлување на пратеникот Рахиќ)

Ве молам, вие добивте збор да кажете се што баравте, да продолжиме сега.

Господине Рахиќ, ако отвориме околу тоа муабет, пак ќе се забавиме еден саат. Да преминеме на работа.

Пратениците: Фијат Цаноски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Верица Филипова, Илинка Митрева, , Љубчо Георгиевски, Лилјана Поповска, Бесим Догани, Гоце Марковски, Али Ахмети, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Горан Мисовски и Јагнула Куновска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог на закон за високо образование** - Продолжуваме со претрес по тесктот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 22 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 28, воздржани нема, против гласале 36.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот пред член 26 и за менување на член 26, поднесен од пратениците Бесим Догани и Гариб Каба.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете..

**Јован Лазарев:** Амандманот го прифаќаме, меѓутоа, во консултација со законодавтво едно ситно, мало допрецизирање, јас би го прочитал тоа допрецизирање и ако предлагачите го прифаќаат, амандманот е прифатен. Ќе читам полека заради стенограмот, значи се работи за вториот став на челнот 26: “Приватна (профитна и непрофитна) високо образовна установа може да основа домашно и странско правно и физичко лице според условите утврдени со овој закон. Странско правно и физичко лице може да основа приватна (профитна или непрофитна) високо образовна установа, според условите утврдени со овој закон, врз основа на одобрение од Владата на Република Македонија”. Значи суштински не се менува амандманот, само се менува според предлогот на Законодавно-правна комисија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Гариб Каба, повелете.

**Гариб Каба:** Благодарам господине претседател.

Јас го прифаќам модифицирањето што го прави Министерството за образование и наука и се согласувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи со предложената коректура се согласи и предлагачот, амандманот е прифатен од Владата и текстот на овој амандман онака како што е усогласен овде станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од пратеникот Фијат Цановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин заменик министер Лазаров, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа. Суштината е содржана во членот 24 став 2.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседател.

Мислев дека претставникот на Владата треба да размисли да се прифати овој амандман, бидејќи го допрецизира текстот и ако новото законско решение има вградено ваква одредба ќе се избегне состојбата која упорно преку пратеничко прашање сакам да ја расветлам, создавање на времено решение за работа на Славјанскиот универзитет со седиште во Свети Николе или во Битола, подружница, што навистина и на Одброт за акредитација не му е јасно дали претставува филијала на странски универзитет или трговско друштво или приватен универзитет основан во Република Македонија, бидејќи не се дадени правни гаранции и толкувања за нивната работа. Меѓу другото, тие немаат дадено, ако во временото решение од страна на Владата стои дека се дава времено решение за работа како странска високообразовна институција, тогаш го поставувам прашањето зошто и за нив не важи постојниот закон за високо образование или Закон за јавни установи, во кој треба да се депонираат одредени средства за да може да го добие решението за работа.

Тие го немаат добиено решението. Тие го имаат добиено решението за работа, но немаат дадено банкарска гаранција. Овој член, овој амандман дефинира во постојниот член под кои постојни услови се основа приватната високообразовна установа, тоа да важи и за високообразовни уинституции кои добиле одобрение, на странски високообразовни институции кои добиле одобрение за вршење на високо образовна дејност. Едноставно треба да има ист аршин, праксата демантира дека ова се спроведува во дело. Затоа амандманот треба да биде прифатен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави заменик министерот, повелете.

**Јован Лазарев:** Како што објасни почитуваниот пратеник, се работи за финансиска гаранција која странската институција која сака да отвори универзитет во Република Македонија треба да ја приложи, јас ќе прочитам дел од членот 24. Се работи за една реченица која гласи: "За вршење на високо образовна дејност на територијата нан Република Македонија од страна на странска високо образовна установа основачот треба да приложи и квалитетна финансиска гаранција". Истата содржина е и во амандманот, значи се содржи во претходен член, нема разлика, затоа не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 16 пратеници, воздржано 2, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмаот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 2, поднесен од пратеникот Фијат Цановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 12 гласале за, 3 воздржано, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за додавање нов став 7 по ставот 6, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер господин Лазарев.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман. За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседател. Почитуван заменик министер, амандманот се однесува - почитувани колеги, јас би сакал да сослушате бидејќи станува збор за многу чувствителна материја. Во членот 34 каде што е дефинирана улога на матична комисија при формирање на нова високо образовна институција и наведени се надлежностите на матичната комисија, предлагаме да се додаде нов пасус во кој матичната комисија при избор на наставниците не може да врши избор во повисоки наставно научни звања на кандидатите. Што се случува во пракса? Ужас. Секаде до сега каде што работела матична комисија се јавува класично изместување на вредносниот критериум кој е долго години воспоставуван кај универзитетите со долга традиција. Матичната комисија која многу често се формира и од политички побуди, како што беше случајот со државниот универзитет во Штип, каде што бевме како опозиција изиграни, ни беше побарано да партиципираме, да дадеме предлог за учество на еминентен професор во матичната комисија. Во

минута до 12 тоа име беше избришано и потоа увидовме зошто беше избришано.

Матичната комисија скандалозно изврши во ист ден избор во звање на редовен професор на лице кое што до тогаш било насловен вонреден професор на нематична институција и во исто време го избра за ректор. Истото се случи и од страна на Матичната комисија на формирање на новата високообразовна институција на Универзитетот во Битола, каде што лицето кое што се избра за декан беше избрано од страна на Матичната комисија за редовен професор, иако звањето и течеше само девет месеци од избор на вонреден професор. Ве молам, ова се скандалозни работи. Тотално се изместува вредносниот критериум кој може да премине во повисоко наставно научно звање. Затоа Матичната комисија не може да врши избор во повисоко наставно научно звање. Тоа е непримерно. Матичната комисија треба да ги верификува наставно научните звања на наставниците кои што конкурирале во исти настано научни звања, а потоа се разбира дека ќе се формираат институции, управни органи, сенат, ректор, ректорска управа, наставно научни совети кои што ќе си поведат постапки согласно со овој Закон и процедури за избор во наставно научни звања, или реизбор во наставно научни звања, или избор во повисоки наставно научни звања. Како да не мислиме дека има политизација кога ви кажав класични два примери, скандалозни. Сега можеби за вас тоа ништо не значи, ама универзитетската фела го гледа ова. Постои потполно изместување на вредносните критериуми во системот. Ова треба да биде прифатено, бидејќи немате ниту еден аргумент да ги побиете овие факти.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека секој кој што и било кога имал допир со научно-истражувачката дејност, или пак на некој начин ја познава таа област ќе гласа за овој амандман од колегите Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули. Јас не би сакала да го повторувам сето она што го кажа почитуваниот колега Тале Герамитчиоски. Само би сакала да додадам дека апсолутно е несоодветно Матичната комисија да ги избира во научно наставно звање, затоа што тоа почитуваниот колега Тале и не го спомена, не само што од сето она што тој го наброја, туку вака дадено се коси и со Законот за научно истражувачка дејност. Значи, имаме закон за високо образование, имаме и закон кој што најверојатно за научно истражувачка дејност кој што и тој треба да претрпи одредени измени. Но, мислам дека таму е јасно дефинирано кој, како и по кои критериуми се избираат во повисоки научно наставни звања, значи како тече изборот и реизборот. Ако ова вака остане, тогаш доаѓа во колизија со Законот за научно истражувачка дејност и навистина и се даваат преголеми ингеренции на Матичната комисија која е тука само да ги верификува, или само да констатира за исполнување на условите кои што се потребни за основање на јавна високо образовна установа. Од тој аспект моето дополнување беше во насока, ако остане вака ќе дојде во спротивност и со Законот за научно истражувачка дејност според кој се избираат и во научно наставни звања.

**Љубиша Георгиевски:** Само едно предупредување за следните што ќе побараат реплика. Сакам да го освежам вашето памтење дека по Деловник реплика се бара кога се исправа неточен навод, или кога е некој спомнат. Вака ако не е тоа, ниту се бара, ниту се дава, затоа што во случајов можат да се најдат за оштетени господинот Макрадули и госпоѓа Божиновска кои беа на ред за збор. Тие можат да се најдат оштетени за редоследот на збор. Сакам да кажам не е голем пропустот, од тоа да не правиме проблем, но тоа да го имаме на ум.

Процедурално госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Членот не е само за тоа. Значи, по Деловникот, доколку треба да се дополни одреден. Значи, јас сакав во овој случај само да го дополнам колегата Тале Герамитчиоски. Значи, го знам редот, го почитувам и досега сум го почитувала и понатаму ќе го почитувам. Но, навистина колегата во своето излагање направи еден пропуст, јас сакав да го дополнам и заради тоа беше мојата реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Јас го уважив тоа и затоа вас не ви се обратив. Се обратив на следните евентуално за да не се шири во таа насока работата. Инаку, вас не ви се обратив, затоа што го уважувам и тоа. И тоа е трето.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас прво, да укажам процедурално, некој пратеник случајно да не помисли дека така пишува во Деловникот како што велите вие. Членот 86, репликата воопшто никаде не споменува дека ако е споменат некој по име, има право на реплика. Таков механизам, за жал, нема во нашиот Деловник. Инаку, можеби поефикасни ќе бевме. Инаку, покрај погрешно пренесениот навод има и потреба од лично дообјаснување за што се реши колешката Роза Топузова Каревска.

Но, да се вратиме на амандманот што е предложен. Амандманот зборува за еден нов став за да се доуреди една проблематика која што се покажа дека добро функционира кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт. Имено, Матичната комисија дефинирана согласно член 34 се однесува на Матична комисија при формирање на јавна високообразована установа. За жал, не се одлучи законодавецот за можност да постои јавна високообразовна установа само како факултет, туку тоа да биде Универзитет, или кога зборуваме за нов факултет во рамки на

постоечки Универзитет. Јас и кога зборував пред некој ден реков дека Законот за високо образование практично во одредени делови легализација на се она што е направено од страна на оваа Влада во узурпацијата на автономијата на Универзитетот. И во кршењето на една традиција која што со години, иако можеби малку за Република Македонија, сепак постоеше во Република Македонија. Традицијата на универзитетите е малку појак инстгрумент, или појака институција од владите кои доаѓаат и си заминуваат. И не за џабе универзитетите го имаат и тој дел на автономија, го имаат тој глас понекогаш тивок, понекогаш силен во едно општество и таа традиција на градење на Универзитетот веројатно е битен чинител на градењето на една држава. Оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски кога дојде на власт ја искористи Матичната комисија за партизација на универзитетите. После поделбата на министерските места и на директорските места јасно им е на сите дека НСДП, ДПА и ВМРО-ДПМНЕ ги подели трите универзитети. Затоа во Штип се случи она што се обидуваме со Законот, со овој амандман да не може и понатаму да се случува. Имено, господинот Тале Герамитчиоски тоа го кажа на пофин начин. Јас ќе го кажам и поконкретно. Значи, имаме случаи каде што човек што не е вработен на факултетот, туку е насловен кадар, има насловно звање, преку ноќ да добие звање на редовен професор и другиот ден или вечерта да стане ректор. Ако го погледнеме неговото сиви, ќе сфатиме дека тоа е заради тоа што е тој партиски човек, зошто е именуван за државен секретар. И второ, дека е брат на Жан Митрев, човекот од кругот на просперитетната и продуктивна фамилија во ВМРО-ДПМНЕ. На тој начин се направи узурпација на многу вредни луѓе, се направи дисквалификација на многу трудољубиви луѓе кои што со години ја градат својата академска кариера, кои што пишуваат чланци, кои што работат на трудови, работат на научно истражувачки проекти за по еден природен пат да стигнат до одредено звање. Но, од друга страна тие сфаќаат дека државен секретар дојден по партиска одлука, или при партиска распределба на оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ со коалиционите партнери може преку ноќ да стане и редовен професор и ректор. И тоа што тогаш набрзина беше направено, сега со овој член 34 Владата што ни го нуди само сака да го легализира. Затоа ние се обидуваме со амандманот во кој што се вели дека Матичната комисија не може да врши избор во повисоки звања на кандидатите за наставници во однос на оние кои веќе ги поседуваат со оглед на широката стручност која ја поседуваат членовите на истата, да ставиме една бариера и основањето на јавна високообразовна установа и изборот на наставниот кадар се однесува како што е природно само на првата, или максимум втората година од потребните лица кои што требаат за тој процес. Да не ни се случи со партиски директиви да формираме универзитети како што тоа ВМРО-ДПМНЕ го направи наместо да тргне, сигурно имавте професори што го подржуваат концептот на Универзитетот во Штип, сигурно има. Но сепак се реши Зоран Ставрески да биде член на таа Комисија без разлика што не доаѓа од универзитетската фела, не доаѓа од Универзитетот. Сепак, се решија на професорите и на еден професор како што е Владо Поповски да не му веруваат, туку мора да има чисто партиско решение во Матичната комисија за да ја спроведе одлуката. Јас не знам колку заменик министерот беше инволвиран во сето тоа и колку тој како човек што стигнал до редовен провесор, поминал многу, многу години, како гледа на ова решение, или битно е да седиме на фотељата како заменик министер, без оглед на тоа што кариерата како редовен професор е макотрпна и ја градел професорот Лазаров за што го ценам и го почитувам. Но, мораме да браниме еден концепт кој што ниту е одбранет од Универзитетот, ниту е одбранет од фелата. Не може да ги убедите професорите кои што дваесетина години ја граделе својата кариера, дека е можно. Ако е претседател на Матичната комсија Зоран Ставрески, бидејќи тој е од ВМРО-ДПМНЕ и близок пријател на Груевски и одговорен за економија да направи некој ректор во Универзитетот “Гоце Делчев” во Штип, затоа што тој е брат на Жан Митрев, или е државен секретар на ВМРО-ДПМНЕ.

Амандманот тоа не може да го спречи, бидејќи таа штета е направена. Но, може да спречи, или да го контролира она што ќе се случи на факултетот за медицина во Државниот универзитет во Тетово. Значи, Владата си има еден свој концепт. Значи, ќе го разбиваме Универзитетот “СВ. Кирил и Методиј”. Клиничкиот центар го разбивме, Медицинскиот факултет заради природата на Болоња, тука реков требаше да добиеме јасен одговор од Министерството, дали Медицинскиот факултет е дел од Болоњскиот процес, или не, или зошто не е третиран со овој закон. Мислам дека колешката Јаневска заслужи подобра експликација од страна на министерот, или заменик министерот. Нас ќе ни се случи сега после штипскиот случај во формирањето на Медицинскиот факултет во Тетово исто се формира Матична комисија, само тогаш нема да биде Ставрески ќе биде некој нов, или стар вицепремиер од страна на ДПА, бидејќи во оставка се министрите од ДПА и тогаш тој како претседател Матичната комисија ќе избере едно пет, шест професори кои ќе станат преку ноќ редовни професори. И паралелно на тоа согласно ова решение што Владата ни го нуди, ректор ќе донесеме некој од страна за да ја докомплетираме целата слика на наводна хармонија која владее во коалиционите партнери и тоа ќе го рефлектираме секаде. Така е во спортот, така упадите се прават во државните институции, а остана Универзитетот како една примамлива област од политичките партии кои се на власт сега и во таа распределба, бидејќи

ВМРО-ДПМНЕ доби Штип, сега треба да се задоволи ДПА, бидејќи ректорот не е доволен на Државниот универзитет во Тетово, слушаме ќе стане министер за образование и можеби тој подобро да беше тука да седи. Тогаш коалициониот партнер ќе се задоволи со нов факултет медицински, а Матичната комисија ќе треба да се гради, ако не ја ставиме оваа бариера, од луѓе кои што преку ноќ ќе добијат многу повисоки звања. Затоа амандманот што е предложен во име на пратеничката група што го предложивме Герамитчиоски и јас се обидува да постави еден механизам, треба да спречи еден процес кој што е вештачки, кој што е преку ноќ и кој што може да има далекусежни последици и штети не само на академските кариери на многу професори, да ги потцени многу труд што го вложуваат академските луѓе. Но, со примерот што го давам за ново формирани факултети во рамки на постоечките универзитети може преку ноќ да продуцираме маса на кадри кои што одредени политички партии сметаат дека треба да ги поседуваат. Затоа, заменикот министер си го одбрани ставот на Владата, затоа велам ова е став на Владата. Не верувам дека интимно посакува вакво решение, бидејќи тоа е газење на трудот не само на својот на заменик министерот, туку трудот на многу универзитетски работници. Но, сепак останува парламентарното мнозинство, Парламентот да си го каже својот збор. Тоа е и задачата на амандманите, да ги убедиме Парламентот да гласаат за, или против некој амандман. Сметаме дека овој амандман е еден контролен механизам кој ќе спречи работите да не одат преку ноќ, кој ќе спречи образованието и градењето на кариерата да си го одржи својот природен пат, да ја содржи традицијата на почитување на градењето на кариера во рамки на Универзитетот и да го вратиме, или да го ставиме Универзитетот да си се гради самиот согласно автономијата, а да не правиме партиски искомплексирани упади, затоа што работите кога сме биле студенти не ни оделе онака како што сме гледале дека некој до нас напредувал. Затоа се надевам дека сепак, Парламентот ќе се реши да гласа за овој амандман, затоа што е само еден контролен механизам плус што е во прилог на автономијата на Универзитетот, а против партиските упади на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател.

Јас внимателно ги сослушав господинот Макрадули и можам да заклучам дека во неговата дискусија тој се занимава со флоскули и политички настани, често го споменува името на нашата партија, често го споменува името на нашите министри дека тие се во оставка, или за други нешта. Јас како еден фер плеј никогаш не ме интересираат политичките настани во СДСМ, затоа што тие го менуваат нивниот генерален секретар, каква политичка летаргија ја има одземено оваа партија, зошто тие немаат добар рејтинг, или се во политичка дефанзива поради свои лични причини. Не е добро дебатите да ги ориентираме во ваква насока.

Дебатите треба да се ориентираат, главно, за настаните и во нашите услуги кон граѓаните. ДПА работи одлучно ние сите политиката да ја конвертираме во прилог на сите граѓани. Токму настаните се конвертирани во прилог на сите граѓани. Тука имаше корупција, имаше луѓе кои не заслужиле да бидат во тој Универзитет, затоа што имало фалсификувани дипломи и негативни настани за нашето општество. Ние интервенираме и една состојба ја исправивме. Значи, таа установа да зрачи позитивно во прилог на сите граѓани. Затоа,не е добро да ги врзуваме работите на овој начин, туку е добро да придонесеме во прилог на нашите установи, тие да бидат демократски, да имаат прозападен изглед. Ние работиме на тоа установите да бидат во прилог на сите граѓани. Затоа, мислам дека на овој начин треба да не разберат граѓаните, а не употребувјаки разни политички флоскули и ориентирајќи ги расправите во насока во која што не треба. Настаните кои не очекуваат нас и граЃаните очекуваат да бидеме конструктивни и да не влегуваме во долги дебати за попусти работи, па ако вие сте за овој амандман, добро е еден ваш дискутант да излезе и да каже дека сте за овој амандман и другите да го изгласаат односно тие да гласаат за тој амандман, да излегувате и 5 дискутанти и да не кажувате народни приказни зошто вие го подржувате и го поднесувате амандманот, така што процедуралното е во тоа што треба да се ориентираме главно за тоа што се бара и за тоа како треба да работиме. Додека во однос на тоа дека ние сакаме да извршиме упад во институциите не е пример. Така, ќе ви дадам еден пример. Секретарката на општина Тетово која е од редот на нашите противници е вработена во ДУТ и тоа е кадар од Тетовскиот универзитет од Сенатот и од кадровските служби и се вработуваат сите кои ги исполнуваат условите и заслужуваат да се вработат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Макрадули контра реплика, една минута, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, во еден дел се сложуваме дека се бориме против партиските упади и затоа го дадов примерот со Матичната комисија во која што апсолутно човек кој не е од Универзитетот Зоран Ставрески беше во Матичната комисија при формирањето на Универзитетот во Штип и до колку не се прифати овој амандман, се плашам дека ќе имаме таков пример во Матичната комисија при формирање на Медицинскиот факултет во Тетово.

Инаку, господине Матоши да ве потсетам, можеби не читате и не следите во последно време, рејтингот на ДПА е двапати паднат, рејтингот на СДСМ е за 3% зголемен. Не зборувајте за рејтинг барем вие од ДПА. Вие сте

на власт и рејтингот галопирачки ви паѓа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ова беше контра реплика.

Имате реплика на излагањето на Макрадули?

Повелете, имате реплика.

**Фадил Сулејмани:** Не е во ред да се манипулира или да се дезинформира јавноста со невистинити дискусии, во овој случај имам забелешка до господинот Јани Макрадули кој говори со предрасуди, со прејудикација за тоа што може да се случи во овој или во оној универзитет, конкретно во Факултетот по медицина, кој што ми се чини дека добил акредитација идната академска година да може повтроно да почне со работа во едуцирање на студенти во создавање на нови кадри поздравство и стоматологија и на овој Универзитет во Тетово. Јас ги знам добро настаните уште од почетокот како основач на овој Универзитет, па до сега и со полна одговорност тврдам тука и пред јавноста дека овој Универзитет работел со најголема одговорност. Таму имало ред, дисциплина, контрола и ние сме работеле како да сме биле целосно официјализирани и со образовниот, научниот систем на Република Македонија и факултетот за медицина. На 4 години тој функционирал во Тетово, потоа во недостиг на услови поранешната Влада го затвори и сега истиот се отвора идната академска година повторно кадри сме имале и имаме, заслужни кадри со соодвтни професионални и научни квалификации, сите ги имаме и сега и никој не треба да се плаши дека таму декан или ректор ќе биде некој кој не ги исполнува условите. За среќа имаме и тој Универзитет работи во потполна согласност со Статутот на Универзитетот, со Уставот на Република Македонија, има успех во својата работа и работите ќе течат добро. Не е во ред, ова ќе го повторам некој да прејудицира дека ќе се случи нешто лошо, како што манипулираат и обвинуваат за Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип за кој што јас немаминформации. Можеби е така, меѓутоа се знае дека академските звања ги предлага самата комисија која што се организира од универзитетите, потоа тие се предлагаат од Советот на Универзитетот во Сенатот, а Сенатот е тој што ги верифицира академските звања на редовните професори во Универзитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Макрадули, вашата минута, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас немам предрасуди, ниту тука пратеничката група на СДСМ три дена до 6 наутро пратеничката група на СДСМ го бранеше концептот на формирање на државен универзитет во Тетово. Тогаш ВМРО-ДПМНЕ и тука пратеници што седат не обвинуваа дека сме прадавници, дека ги продаваме интересите, така што не ги барајте предрасудите во пратениците на СДСМ. Јас секогаш попрво би изградил факултет за инфорамтичка технологија, отколку црква на Плоштадот. Затоа, не ви е добра забелешката. А, зошто сме загрижени дали може нешто да се случи, затоа што ВМРО-ДПМНЕ со Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, може да се случи во Матичната комисија да биде човек Што е потпретседател на Влада задолжен за економски прашања и тој да ги избира преку ноќ во редовен професор и да става ректори, па затоа е нашата загриженост и затоа е нашиот амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Божиновска имате збор, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Мислам дека нема лоша намера колегата Теле Герамитчиоски од едноставна причина што прави сериозен браник на тоа што може да се случи и една логична оправдансот за која што мислам дека ако остане во ваков вакум овој член, ќе се случи да е сега интелектуална мисла при Универзитетот "Кирил и Методиј" навистина да ни стане на нозе и да се создаде еден бунт.

Предлагам, ајде да говориме со јазикот на едноставноста. Ако може еден демостратор да работи 6 години на факултетот и да го набљудува сопствениот професор како работи, па потоа да добие конечно во звање помлад асистент па да чека 5 години да не држи вежби повторно да го набљудува својот професор и макотрпно да работи, за потоа уште 5 години да стане асистент и да ги држи за прв пат вежбите на факултетот, за конечно по 5 години да стане доцент и да го добие сопствениот предмет и т.н. Навистина мислам дека таа макотрпна работа која и да се влезе воопшто во универзитетот е навистина долготрајна работа, работа на сериозен процес и на оформување на една личност. Јас и минатиот пат говорев дека Универзитетот Свети "Кирил и Методиј" е сеуште основата на она што ги храни во моментот со титули, магистри и доктори сите други универзитети кои се појавуваат. Тоа значи дека доцентите, докторантите, вонредните и редовнит епрофесори предаваат на ориватните универзитети, бидјеки немаат сеуште направеносвој еснав и сега во овој амандман, во овој член имаме два аршина. Ако вие сакате на Универзитетот Свети "Кирил и Методиј" од вонреден професор да станете редовен професор, ќе морате да чекате 5 години, да имате научни студии од својата област во високи реномирани меѓународни списанија и ќе морате барем три такви студии односно најмалку два да имате за да можете од вонреден да станете редовен професор, но и да ве цитираат во тие меѓународни списанија. Јас за тој член ќе говорам, бидејќи мора и тоа прецизно да се стави кои се тие меѓународнис писанија во кои ќе треба вонредните професори да ги има, за да можат да го скратат рокот на 5 години. Сега што се случува? Една Матична комисија при една

високообразовна институција го верификува мандатот на почетокот на високообразовнат аисниституција односно да биде основач на тој факултет, но господинот Тале Герамитчиоски прави браник да не можат така брзо и така веднаш да ги унапредуваат звањата. Значи, ако дојде еден асистент на тој и тој приватен факултет, не сакам да именувам да не може веднаш, заради тоа што не може да го држи предметот македонска книжевност 19 Век, веднаш да стане доцент и да го ставиме во насловен доцент или во доцент и да го држиме предметот. Ние мораме да се одбраниме со тој механизам, се знае кој може и како да ги дели наставно-научните звања. Значи, имаме два аршина подеднакво за две титули, два различни аршина на бирање. Затоа мислам дека со ова само ќе си подпомогнеме да нема утре кревање и да не дојде овој закон пред Уставен суд, па да падне само за две клаузули. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика имате господине Агим Рамадани, повелете вашите три минути.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, ценам дека дискусијата на Валентина во однос на моментите за унапредување во однос на универзитетите овде во Македонија, таа рече една невиситна. Невистината е во тоа дека рече од овој Универзитет, од Скопскиот Универзитет се регрутирани кадри кои ги полнеле сите други универзитети во Македонија. Ов ане е вистина и не држи госпоѓо Валентина, од причина што сите вработени во Тетовскито универзитет, нивното мнозинство се со магистериуми, докторати добиени во Европа, во Загреб, Белград, Албанија, додека од Скопскиот Универзитет нема речи си односно има мал број кои се стекнале со тие звања, титули, а тоа е еден мал број со стекнати звања од Скопскиот универзитет. Тоа значи дека ова имаше дискриминација, систематизирана дискриминација од 1945 до 2001, 2003 во Скопскиот универзитет за албанските кадри.

Јас ќе викажам почитувана госпоѓо во 1996 година кога јас во Институтот за судска медицина, иако ги исполнував сите обврски кои требаше да ги исполнам за асистент во тој Институт, едноставно ми се рече следново: “ти не можеш да бидеш во настава, поради тоа што си шиптар”. Ова можам да гокажам и името на тоа лице, а името е тој беше минситер, ова е вистина. За ова, ве молам, почитувана госпоѓо немојте да ни кажувате дека имаме лица кои ни се регрутираат. Имало дискриминација во Скопскио туниверзитет “Свети Кирил и Методиј”. Измени се направени во последно време и има позитивен дух во оваа насока. Но, еден професор кој почина во 1993 година во Скопје кога дојде УНПРЕДЕП во Македонија тој рече: “УНПРЕДЕП не треба да дојде во границите на Македонија, но тој треба да оди во Медицинскиот факултет во Скопје, затоа што имаме унапредување и непотизам енормно и нерегуларни, каде и дедото работи професор и неговиот внук во истиот факултет”. Значи, ова не е вистина дека има регрутираност според национални вредности, туку еден непотизам и шовинизам нагласен во овој Универзитет.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Божиновска, вашата минута.

**Валентина Божиновска:** Почитуван колега Рамадани, јас се извинувам, но затоа пак вашиот брилијантен ум е сега тука во пратеничките клупи, јас се радувам заради тоа. Не мислев лично, вие многу лично го свативте тоа. Но внимавајте, јас го почитувам мултикултуризмот во оваа држава во која се негува во овој момент и навистина мислам дека подеднакво сите факултети го обновуваат тоа како чувство, како мисла и особено дека тоа е, ништо друго, освен плурализам во културата, културни соединенија на повеќе култури. Но дозволете, ајде малку да ги скратиме таквите реплики дека имало шовинизам на Скопскиот универзитет. Ние сме излезени од таму и навистина тоа во иднина нема да го дозволам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска**: Ви благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Пред да се осврнам на амандманот, јас би апелирала, бидејќи станува сепак збор за закон за високо образование и тука се вклучуваме сите пратеници кои сме од редот на универзитетската фела да не се навредуваме, туку со почит и достоинство да дебатираме околу законо ти околу предложените амандмани, на тоа апелирам.

Исто така, има една забелешка во однос на излагањето на мојата почитувана колешка Валентина Божиновска. Тоа е во смисла дека не само на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” се чека 5 години за избор во наредно звање, тоа го има и на Универзитетот “Свети Климент Охридски”, меѓутоа ќе кажам и тоа дека на секој универзитет има нерегуларности и прекршувања во однос на почитување или не почитување на критериумите за избор односно реизбор, така што има такви исклучоци и да не зборуваме генерално дека некаде се чека, некаде не се чека, зависи од случај до случај, а тука е законот подеднаков за сите универзитети и за сите кандидати, односно потенцијални кандидати за избор или реизбор, зависно од тоа што ги очекува.

Во однос на амандманот ќе кажам дека амандманот може да се прифати, но и не мора да се прифати. Ќе кажам зошто може да се прифати, а зошто не мора да се прифати како амандман. Заради јавноста да се запознае, би кажала дека во членот 34 стои дека Матичната комисија ги

врши подготвителните работи со кои се создаваат услови за почетокот со работа на акредитираната високообразовна установа и во тие рамки прво врши избор на наставници и соработници за првата и втората година на судии и на други потребни лица и врши и други работи што ги и доверил основачот што се од значење за почеток со работа на високообразовната установа. Овде точно е дека не е допрецизирано и додефинирано во однос на првава точка, каде што стои дека врши избор на наставници и соработници за првата и втората година на студии. Меѓутоа, овој дел е регулиран со другите одредби кои се содржани во овој закон за високо образование. Овие критериуми се начинот, процедурите, постапките и роковите за избор во звања наставно-научни, тие се содржани во член 125, 134 и т.н., што значи дека сакам да кажам зошто не мора да се прифати амандманот. Затоа што Матичната комисија не може да се поставува над законот за високо образование. Матичната комисија е должна да ги почитува законските одредби во однос на ингеренциите што и се доверуваат како на Матична комисија. Значи таа мора да ги почитува критериумите за избор и реизбор во повисоки звања, односно во наставно-научни звања. Не може да се поставува Матичната комисија над законот, ниту пак со овој амандман ако го прифатиме значи дека тој амандман ќе биде нешто повеќе од Законот за високо образование, бидјеки одредбите кои се предлагаат во амандманот од страна на почитуваните колеги се во ред, меѓутоа, тие се содржани во наредните глави на овој закон, односно во наредните одредби на овој закон за високо образование. Така што, и да го прифатиме амандманот, и да стои тука дополнување на овој член 35, повторно може да се случи Матичната комисија да си земе за право да изврши избор во повисоко звање на оние кои се кандидати за прва и втора студиска година на новоформираниот универзитет или единица на Универзитетот.

Значи тоа е причината, поради која што сметам дека не треба да се прифати амандманот, затоа што е регулирана таа материја, која што се содржи во предложениот амандман, како дополнување на членот 34.

Меѓутоа, ако сакаме да извршиме допрецизирање и додефинирање на ингеренциите на матичната комисија и тоа децидно да стои во членот 34, тоа што можеме да го прифатиме стои. Може да се прифати амандманот, со кој што точно во овој член 34, дефинирано е со посебна алинеја дека матичната комисија не може да врши избор во високо звање, односно таа матична комисија има за задача, формирана од страна на основачот да избере наставници и соработници во оние звања од кои што тие доаѓаат од другите универзитети, или единици на универзитетот. До некаде држи амандманот, јас се согласувам, бидејќи ако на накој од тие кој што веќе е избран во прва и втора студиска година од страна на матичната комисија, ако по основ на закон за високо образование му доаѓа да биде реизбран во повисоко звање, тоа веќе ќе се стори, врз основа натоа откако ќе се формира тој универзитет, односно таа единица на Универзитетот. Така да, според мене лично, за да се избегнат шпекулациите и малверзациите се согласувам со дефинирањето дека е тоа политизирање и слично. Јас мислам чисто од професионален аспект гледано да се почитува и да се заштитиме и од аспект на тоа да покажеме дека навистина не е лесно да се дојде до наставно научно звање.

Јас сум да се прифати овој амандман и ќе гласам за амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Герамитчиоски побаравте реплика.

Повелете имате реплика три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Навистина не сфатив се дои последната реченица, бидејќи и за и против амандманот. И вака и онака. И мене не ми беше лесно да го напишам ова и да признаам дека такво нешто постои долго време на универзитетот. Само во последнава година има страшна злоупотреба од двете матични комисии кои што ги формира оваа Влада. И се докажуваат и преку пратеничко прашање ги поставивме и добивме одговор дека има злоупотреба. На матичната комисија Св. Климент Охридски во Битола, на новиот универзитет за јавна администрација и менаџмент и информациски системи, изврши избор во звања на помлади соработници и соработници, кој што просветниот инспектор ги поништи со решение. Деканот не го почитува тоа решение на просветниот инспектор и си ги прими. Ама вие преку пратеничко прашање ми одговоривте дека Министерството ги поништило. Тој не го почитува законот, си одат, иако требаше да распише нов избор. Иако членовите на рецензенската комисија се оградија дека биле изманипулирани во пишување на рецензиите и не биле објавени од страна на матичната комисија во јавото гласило на Универзитетот.

Значи, има злоупотреба законска на постојниот закон на матичната комисија. Матичната комисија изврши избор во звање повисоко на професор кој што девет месеци бил избран во звање вонреден професор, значи не ги ни поминал оние 50% од изборот во звање и тој е назначен за декан. Што сакате поголема злоупотреба на Законот од страна на матичната комисија. Матичната комисија во Штип, каде што уште повисоки ингиренции имаше, бидејќи создасваше универзитет. Направи редица на прекршување на законот. Треба да дебатираме два дена овде да ви докажам бидејќи вие самите ми одговоривте преку пратенички прашања како ја извршиле злоупотребата и вие сте свесни, институцијата просветен инспектор одговори на задачата, а никој не го почитува законот. Навистина, интересна ситуација во Република Македонија каде што Владата од петни жили настојува правната држава да ја воспостави. Од тие

причини, ова мора да стои тука. Во нормална држава можеби не, каде што се подразбираат во други членови. Но, тука мора да стои дека матичната комисија при избор. . .

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Герамитчиоски, воздржете се од импликациите дека не сме нормална држава. Ние сме најнормална држава, јас мислам. Ви се испушти тоа, не беше намерно, но сепак морам да ви кажам да се воздржите.

Госпоѓа Мирјана Секуловска, има контра реплика.

Господине Сулејмани ова беше реплика. Можете да имате збор кога ќе се пријавите, затоа што реплика имаше господинот Герамитчиоски.

Повелете со вашата контра реплика госпоѓо Секукловска.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мое беше тоа да го кажам, бидејќи не беше имплицирано. Не беше ништо намерно.

(Реакции од пратеници)

Повелете госпоѓо Секуловска ве молам. Не е ништо страшно, најдобро намерно го кажав, мислам дека господинот Герамитчиоски ме разбра.

Повелете госпоѓо Секуловска вашата минута.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам.

Значи, нема да се послужам со вулгарната реторика која што ја користи мојот колега и не му доликува, меѓутоа, јас ќе кажам дека многу бев јасна и децидна и кажав зошто вака, зошто онака, и зошто за или зошто не. Ако не ме слушал тоа е негов проблем, а очигледно дека потекнува од факултет во кој што навистина има фрагрантно кршење на Законот за високо образование и многу убаво му се познати тие работи, како екс заменик министер за образование, па затоа вака и настапува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине претседателе.

Сакав прво во три минути да кажам тоа што имам, а вие ми помогнавте да дојдам до збор, ви благодарам, но добронамерно го велам ова, навистина треба, иако се прашувам зошто воопшто ја водиме оваа дискусија речиси еден час.

Заменикот министер го одби амандманот. Пратениците кои треба да го изгласаат ми изгледаат релативо незаинтересирани. Према тоа овде ми се чини дека дискусијата ја водат само оние кои се доброупатени во високото образование и кои меѓу себе сакаат некако аргументирано да покажат или да докажат кој повеќе знае за високото образование.

Но би било нечесно кон себе самата и кон моите колеги кои вршат високо образовна дејност да не излезам и да не кажамнекој збор во оваа насока. Сметам дека амандманот апсолутно треба да се усвои и дека при тоа нема да се наруши духот на законот, односно концептот на законот кој го нуди Владата.

Всушност, вака ќе почнам: колегите од СДСМ да имаа малку повеќе разбирање за овој текст, веројатно немаше толку многу да го напаѓаат ВМРО ДПМНЕ дека го кршел Законот, па ќе најдеа или ќе се обидоа да ги убедат пратениците на ВМРО ДПМНЕ да гоизгласаат, бидејќи мене не ме плаши ни власта на ВМРО ДПМНЕ, нема плаши ни власта на СДСМ, каде што сигурно сите ние знаеме е кршен Законот за високо образование. И во едната и во другата власт и во сите власти досега. Намерно или ненамерно не знам јас во тоа не сум учествувала. Би сакала да кажам дека во одредени периоди сите свесно сме го кршеле од политички потреби, на што мислам дека треба да му стане крај. Да му ставиме крај затоа што времето ни поминува и ако навистина сакаме во Европската унија, тој крај мора да го направиме сега и веднаш, бидејќи носиме нов закон за високо образование. Не сакам да им мобјаснувам на сопствените колеги, но има потреба јавноста да знае, бидејќи ми се чини дека навистина не само јавноста, туку и еве некои колеги кои седат овде не знаат како се станува или како се стекнува универзитетско звање по закон. Значи, некој спомна, мислам дека госпоѓа Божиновска спомна, а можеби и господин Тале Герамитчиоски дека два пати по три години за помлад асистент. Зборувам по стариот закон. Ако грешам негде, Тале те молам упадни и одбраниме, затоа што Тале Герамитчиоски и еден од најзапознатите, кој беше заменик министер. Два пати по три години за асистент, 6 и 6, дванаесет години. Па пет години доцент, 17 години, па 5 години вонреден професор, 22 години, за да стигнете до редовен провесор. 22 и две години учење и работа, после завршен факултет, после завршена магистарска, после одбранет докторат, за да станете редовен професор. Плус два пати реизбор во редовен професор по 4 години, плус 16 години, или пет, се извинувам се менуваат законите, за да станете редовен професор на овој универзитет. Сега тоа споредете го со и сега скоро, но и претходно, во претходната власт кога се отвораа некои универзитети, кога некои луѓе, јас не им се лутам на луѓето, не ги наоѓам нив виновни. Ги наоѓам виновни оние што ги туркаат во такво нешто. Замислете некој кој е доволно остручен, јас не велам дека не е остручен, го земате од неговото работно место и го носите да биде професор. Не велат јас сум предавач, туку велат јас сум професор на тој и тој факултет. Замислете ја фрустрацијата на тој човек кој со сила го тераме да биде нешто, што не заслужил во однос на оние кои по закон го Судски совет теknале тоа и замислете, како во моите очи, која по закон сум го стекнала она што сум го стекнала, изгледа тој човек. Бедата е обострана и кај едниот и кај другиот. Бедното чувство го имаме и едниот и другиот. Оној што по закон го

добил она што заслужил и оној што не го добил по закон она што го заслужил. Бидејќи не може да не е свесен како станал тоа што станал.

Веројатно има и некои кои не се свесни и за нив е полесно и со среќа нека им е, но мислам дека таквите се многу малку. Затоа мислам дека треба да се допрецизира и овој став, иако јас кога го читам, не читам дека матичната комисија ќе врши избор во наставни звања, туку дека ќе изврши избор на наставниците на новоформираниот унвиерзитет. И ако така се чита овој закон е сосема во ред. Но, бидејќи имаме искуство со злоупотреба во минатото, сметам дека треба да се допрецизира. И таа злоупотреба ќе ја лоцирам и сега во оваа власт, во отворањето на два нови универзитети, но и во минатата власт еве, јас нема да се плашам при отворањето на Тетовскиот универзитет. Тогаш имаше, јас прифаќам дека има колеги кои завршија во странство, магистрираа, докторираа во странство, редовно ги завршија своите обврски и со право можат да ја носат титулата универзитетски асистент, доцент, или професор, но дел од колегите на Тетовскиот универзитет да си го прочитаат ескпозето на министерот Рушити кога го менуваше деканот на Универзиетот. Тогаш кажаа дека некои завршиле во Мала Речица, магистрирале во Мала Речица, дипломирале во Мала Речица, во период кој бил потребен само за да се завршат до дипломски студии. За тоа немам коментар. Не знам што треба да кажам. Па кажаа дека има фалсификат дипломи, па кажаа дека се случувале фалсификат дипломи на различни нивоа. Јас не велам дека тоа го има само таму, го има и на други места, но ние тоа треба да го запреме и тоа треба да го спречиме. Затоа, бидејќи од политички или неполитички причини од барање превласт во високото образование, или не барање превласт во високото образование, не знам кој од какви причини, кршење или прогледување низ прсти на законот имало и сметам дека секој, апсолутно секој член треба да се допрецизира. На Министерството или на предлагачот на законот би му испратила ваква порака: Ако бевте, очигледно високото образование никој не го интересира, но заради лошото образование во оваа држава, за кое тврдам дека е такво, многу други работи ни се вакви, какви што ни се, па дури и Парламентот е таков каков што е.

Но јас господине заменик министер, сега вам би ви се обратила, или воопшто на Министерството, кога видовте дека имате толку многу амандмани поднесени од пратеници со многу забелешки во членовите, можеби требаше уште еднаш да седнете да го доразгледате, погледнете, или можеби посериозно да ги искомуницирате, се разбира, не сите, вие не можете сите, а барем пратениците кои имаат искуство во високото образование да го подобриме не само текстот на Законот, туку да ја направиме имплементацијата на овој закон многу сериозна и многу значајна.

Конечно би завршила со неколку реченици за тоа колку многу и бескрајно многу може да се девалвира образованието, се само примерите кои ги посочувавме и ние, наводно од едната страна и оние од другата страна и во овој момент сметам дека никој од нас не смее да се приклони кон својата политичка опција, бидејќи од квалитетот на образованието, од она примарното до она највисокото ќе зависи квалитетот на нашата држава.

Не сакам да кажам дека сме ненормална држава, не сме такво нешто, но сме држава во која многу, многу нешта недостасуваат и треба да се поправат, а според мене една од најважните улоги во тоа има образованието. Образованието во Република Македонија е запоставувано исто како и здравството, според мене, долги години и вината за тоа не може да му се префрли само на еден министер, едно Министерство или една Влада.

Сметам дека во овој момент, повторно не покажуваме добра волја да се смени нешто во образованието, особено во високото, каде што апсолутно се согласувам дека се штанцаат дипломи и на магистри и на доктори и каде што воопшто не се води сериозна сметка за она што треба да значи навистина високо образование.

Јас уше еднаш сега би ги замолила пратениците, кои се надевам дека некаде надвор од салата ја следат мојата дискусија, би ги замолила а се изјаснат, односно да гласаат за овој амандман, без оглед што доаѓа Тале Герамимтчиоски, одговорно тврдејќи и се надевам и минситерот тоа може да го потврди дека не го руши концептот на законот, туку напротив, ќе го подобри имплементирањето на овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли реплики? Повелете господине Бучковски, имате реплика три минути.

**Владо Бучковски:** Претседателе, почитуваната колешка само покажа дека заменик министерот направи погрешна проценка. Според моја груба проценка од академската заедница во салата има 20 вработени на универзитетите. И требаше да водите сметка кога го одбивте амандманот.

Мислам дека за да излезете од целата оваа ситуација, најдобро е да го прифатите амандманот, затоа што ние ќе ви докажеме и ќе добиеме поддршка дека на овој начин ќе прекинеме една лоша практика, затоа што евидентно е дека ако има двајца пратеници потпишани само од опозицијата, не значи дека со аргументи нема да ја добијат поддршката од овие кои јас веќе ги прибележав 20 пратеници.

Така што мислам дека е бесполезно да ја водиме дискусијата. Прифатете го амандманот, па ќе чуете други наши забелешки за други амандмани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот заменик министер, Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** После сета ова дискусија и консултациите кои што ги направивме, амандманот се прифаќа. (Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи, амандманот е прифатен и текстот на овој амандман станува дел од текстот на законот.

(Џагор во салата)

Тишина ве молам, тишина.

Прифаќањето на еден амандман од страна на Владата треба да биде онака дочекан како што беше дочекан, позитивно. Ве молам, не на нож.

Мораме да ја охрабруваме Владата да прифаќа наши предлози. Треба да ја охрабруваме, а не да правиме проблем.

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 2, поднесен од пратеникот Фијат Цаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер Лазарев.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски.

Повелете, имате збор господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Мене малку ми е непријатно, бидејќи е друг предлагач, а не е тука. Јас сум живо заинтересиран текстот на законот да има квалитет.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам повелете, не треба да ви е непријатно. Имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Во таква насока треба да го сфатите моето обраќање.

Мислам дека Законот, кога се прецизира и од страна на правниците во одредени одредби треба да се имаат предвид и други подзаконски акти што се во функција на Законот, а се уште се важечки, како што е на пример Уредбата за нормативи и стандарди за вршење на високообразовна дејност, во која што е дефинирано минимум за студиска програма дека треба високообразовната институција да има вработено три наставници и три соработници. Во таа функција колегата Фијат Цаноски попрецизно го дефинира членот 35 став 2, во кој што вкупниот број на наставници се заменува со зборот "три", бидејќи минималниот број на наставници што е дефиниран во Уредбата е три.

Ако остане вака, тогаш некој може да помисли дека може и со двајца наставници, бидејќи во Уредбата е напишано дека може минимум со три наставници кој можат да ја обавуваат студиската програма и добиле акредитација од Одборот за акредитација и времено решение од страна на министерот, значи може и двајца наставници што не е добро. Не е добро, бидејќи ќе има различен аршин во давањето на зелено светло за работа на високообразовната функција.

Мислам дека е квалитетно подобрувањето на текстот на Законот со овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Ги молам пратениците кои се во Собранието, а не се влезени во салата да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 20 пратеници, воздржани нема, против 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 4, поднесен од пратеникот Фијат Цаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик минстер.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, за гласале 18, воздржан нема, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за бришење на став 6, поднесен од пратеникот Фијат Цаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Овој амандман е од нашиот колега Фијат Цаноски кој има најмногу амандмани, да не го квалификуваме само СДС дека има најголем број амандмани. Инаку, најголем број амандмани за овој Закон има господинот Фијат Цаноски.

Владата предлага, амандманот е од техничка природа, нема да должам многу, предлага дека "по запишувњето во Централниот регистар на Универзитетот, односно самостојната високообразовна установа, високообразовната установа може да врши запишување на студенти

во прва година на студии". Колагата Цаноски бара "прва година" да се исфрли, што значи доколку се избрани сите, доколку Централниот регистар потврдил основање на високообразовна установа, не гледам причина, нема пречки да се запишуваат студенти и во повисоките години на студии.

Дали почетокот или потврдувањето од Централниот регистар само се однесува на прва година, би го замолил заменик министерот ако може да даде едно дообјаснување.

Ако заврши со господинот Ѓорчев...

**Љубиша Георгиевски:** Завршивте ли господине Макрадули?

**Јани Макрадули:** Не, не завршив.

Чекам заменикот министер да ми обрне внимание, бидејќи се обраќам до него со прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Да, ама завршивте со дискусија?

**Јани Макрадули:** Влатко Ѓорчев, колку што се сеќавам е на Правен факултет, а Лазарев е на Машински.

**Љубиша Георгиевски:** Се сме тука професори.

**Јани Макрадули:** Така, некои се и студенти.

Значи, во членот 38 вели, дека по запишувањето во Централниот регистар, односно самостојаната високообразовна установа може да врши запишување на студенти во прва година. Моето прашање е, дали е ограничено само на прва година или може и од повисока. Затоа поставувам прашање, да не испаднеме бранители на колгата Цаноски за џабе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине заменик министер.

**Јован Лазарев:** Почитуван пратениче, ние сме на амандман на член 35, а вие зборувате за амандман на член 38.

**Јани Макрадули:** Се извинувам.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е очигледно грешка.

**Тале Герамитчиоски:** Да помогнам, амандманот е технички неисправен бидејќи нема 6 става, туку има 5 ставови. Така е што е беспредметно да зборуваме. Не може ни да се прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, добро, благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По објавувањето на резултатите од гласањето на дисплејот)

Ги повикувам службите да достават точен број на пратеници во моментот на гласањето, па потоа да видиме дали е валидно или не.

(Службите доставуваат точен број на пратеници во салата)

Гласањето не е валидно.

Ги повикувам пратениците кои се уште не влегле во салата да влезат, затоа што треба да прегласаме.

Уште еднаш ги повикувам пратениците.

Сега имаме кворум.

Го повторуваме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеника, за гласале 2, воздржано 4, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 2, поднесен од пратеникот Фијат Цаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Лазарев.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, за гласале 2, воздржано 4, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Теута Аирфи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салију и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави госпоѓа Селмани Ајше, повелете имате збор.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитуван заемник министре, почитувани пратеници,

Дека овој Предлог на закон не ги уредува сите прашања во однос на сите прашања и дека во овој предложен текст на закон не се земени предвид забелешките што би го уредиле и средиле овој текст, во согласност со европските стандарди, покажува и членот 38 каде што каде што после втората алинеа преку овој амандман што го предлата нашата парламентарна група бараме да се додаде алинеа 3 каде што би се рекло - со запишувањето во Централниот

регистар соодветните државни органи за регистрација на високообразовната установа.

Во однос на членот 38, ние сме побарале да се додаде нова алинеа со која што ќе се предвиди Централниот регистар да биде обврзан да им соопшти на соодветните државни органи, конкретно Министерството за образование и наука за завршната процедура за запишување на високообразовната установа во регистарот.

Овој амандман се предлага заради допрецизирање на текстот и за да биде колку е можно појасен целиот текст. Јас сум на мислење пратениците да го прифатат и гласаат овој амандман, затоа што е повеќе од потребно да се дефинира непрофитабилноста на дејноста високообразование, како и разјаснување на процесот на запишување во Централниот регистар. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Јакупи Зумрете.

**Зумрете Јакупи:** Исто така и јас го подржувам предложениов амандман од причина што сите знаеме дека Предлогот за законот за високо образование е општ закон и преку овој амандман сакаме нештата да ги прецизираме на начин, по ставот 2 да се додаде нов став 3, со што ќе се овозможи на прецизен начин да се утврди статусот во овој закон, а целта е да се информира Министерството за образование и наука од страна на основачот, кој што има должност да го направи тоа, а Министерството да предвиди и понуди, да го детализира членот 38. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да пребројат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 14, воздржан 1, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за додавање нов став по ставот 3, поднесен од пратениците Теута Аирфи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салију и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има заменикот министер Лазарев.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господин Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Иако овој закон не ги исполнува некои критериум или пак норми во согласност со европските стандарди за да помине како таков, сепак мислам дека има празнини во него и не случајно нашата парламентарна група сака и настојува да го подобри текстот на овој закон.

Иако со овој амандман на членот 39 ние сакаме да прецизираме некои работи, со што ќе се дефинира позицијата на давање право или согласност за статусна промена на универзитетите односно факултетите при универзитетите и треба да се направи добро дистанцирање или разлика меѓу тоа какви надлежности има Министерството за образование и наука во оваа насока на давање согласност или не давање, односно каква обврска и задолжение има основачот на универзитетите, во конкретниот случај Собранието на Република Македонија, кога се работи за јавните, всушност државните универзитети.

Затоа мислам дека е добро што заменик министерот треба подобро да го анализира овој амандман што сме го предложиле со што ќе се направи дефинирање на тоа кој може да даде согласност односно да поднесува извештај за својата работа.

Дури, има и една дополнителна сугестија да ја искористам можноста, во однос на тоа дека еднаш годишно секој Државен универзитет треба да поднесе извештај, годишен, до својот основач односно до Собранието на Република Македонија. Ова го предлагам затоа што има веќе две години како сум избран за пратеник, а се уште не сме добиле годишен извештај од некој универзитет. Можеби имало, но јас не сум видел извештај што доаѓа од некој универзитет за кој што би дебатирале, за секоја промена или проблематика со која што се соочуваат универзитетите. Се мисли на државните. Мислам дека тука Министерството треба да даде свое мислење. Додека пак согласноста, односно одобрувањето на таквото мислење треба да го направи Собранието на Република Македонија.

Навистина тука треба да се дистанцираат и поделат надлежностите на Министерството за образование и наука и Собранието како основач на Универзитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли реплики? (Нема)

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Претседателе се извинува, само сакам да укажам на едне деловнички, односно технички пропуст во амандманот.

Бидејќи во списокот на амандмани станува збор за додавање на нова став на членот 39, а во амандманот што го имаме се додаваат два нови става. А, сепак, има напишано само еден став.

Ве молам да го проверите тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам накратко да дадам образложение зошто поднесовме ваков амандман, со што, нормално, се бара да се објасни или прецизира членот 39 од Предлогот на законот.

Уште на почеток ќе нагласам дека во Предлогот за донесување на законот за високото образование кој е донесен од ова Собрание, статусните промени преку кои може да се измени правниот статус на високо образовните установи, беше уредено со 4 члена, одделени еден од друг,со што мислам дека на детален и прецизен начин беа уредени прашањата во однос на статусните промени како што е поделбата, при појувањето или обединувањето.

Имајќи го предвид фактот дека се говори за една значајна установа како што е институтот за статусни промени, бидејќи во иднина се очекува овие измени да бидат многу присутни посебно високо образовните установи во Република Македонија, ние го предложиме овој амандман со цел да се објасни членот 39.

Имајќи го предвид фактот дека предлагачот не го прифаќа амандманот, имам прашања до предлагачот на законот имено, предлагачот да ни даде објаснување како и на кој начин ќе се реши проблемот на поделбата на еден унвиерзитет во два или како и на кој начин ќе се реши формално правниот аспект на обединување на два или повеќе универзитети или на кој начин ќе се реши проблемот на припојување на една високо образовна установа со друга. Искрено да ви кажам, со оглед на тоа што добро ги познавам статусните промени, како професор предавам предмет каде доаѓаат до израз статусните промени на економските субјекти, споредувајќи го тоа што е нагласено, како предлагач односно еден од предлагачите на овој амандман ценам дека овој член не е јасен и ќе предизвика проблеми во пракса. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има заменик министерот за образование господинот Лазарев.

**Јован Лазарев:** Почитувани пратеници и покрај најдобрата намера да се прифати амандманот, ја почитувам идејата, меѓутоа прочитајте го став 1, ќе видите дека целиот амандман се содржи во став 1. Значи постои во став 1 тоа што го напишавте. Согласност за било какви спојувања и раздвојувања дава основачот. Значи амандманот се содржи во став 1 во истиот член 39.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Почитуван заменик министер вие зборувате за статусни промени. Во став 1 велите под услови и на начин утврден со овој закон. Во овој закон статусните промени се уредуваат само со член 39. Друг член нема. Инаку, само да ве известам дека статусните промени се уредуват и во други закони. Тоа беше и целта зошто е предложен овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повкувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 16, воздржани нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1 алинеја 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете замениче.

**Јован Лазарев:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Фијат Цановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете замениче.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам прересот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, за гласале 3, воздржан 1, против 45.

Ги молам службите да проверат дали имаме кворум.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе гласаме.

Во салата имаме 61 пратеник и ќе прегналсаме.

Амандмаот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 5 пратеници, воздржан 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмаот на член 45 став 4, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници јас се обидов со господинот заменик министер да се договорам или да му објаснам што значи ова, а сега ќе се обидам да ви објаснам и вас и се надевам дека ќе добијам подршка.

Станува збор за член 45, за внатрешна организација на Универзитетот и неговите единици значи таа се уредува и со статут на универзитетот.

Во вториот став, единици на унвиерзитетот за вршење на својата дејност може да организира институт, центр, завод, катедра, оддел итн. Потоа во четвртиот став таксативно се одредуваат единиците кои можат со закон да се формираат. Значи, универзитетот може под утврдени со закон услови и со статут на Универзитетот за вршење на својата дејност да организира универзитетски клинички центар, универзитетска поликлиника, универзитетски спортски центар, универзитетски ветеринарен клинички центар, аграрни универзитетски институти, центри за истражување и континуирано образование како доживотно учење и други форми од дејноста на единиците. Значи чртвртиот став е делумно ограничувачки во однос на вториот став.

Она што јас го побарав е во четвртиот став, покрај универзитетски клинички центар или ветеринарен клинички центар или аграрни универзитетски институти, да се додадат зборовите “универзитетски институтски центар”

Идеата ми беше од лично искуство бидејќи јас работам во универзитетски институт кој во моментот беше организиран во универзитетски институтски центар или факултетски институтски центар кој во минатото се викаше ОЗТ институти, а сега ќе се вика институции. Значи, законот ни дава можност во склопот на факултетот да постоиме како поединечни, но не ни дава можност по функција да се споиме. Навистина не гледам никаква логика. Значи станува збор за луѓе, станува збор за медицински факултет. Значи имаме Институт за микробиологија, Инситут за патофизиологија, Институт за паталогија кои не можат или законот не им дозволува како на другите институти, доколку сакаат да се обединат. Постои можност со статут, но сметам дека во овој член станува збор за недоискажаност затоа што утре некој ќе рече во 4-от член ти се таксативно наброени и не пишува дека има универзитетски институтски центар. Значи, сметам дека тоа треба да се доискаже за да нема таканаречени дупки во законот. Значи не гледам логика зошто не би можеле институтот за патологија да се обедини со институтот анатомија и институтот за хистологија и да вршат апликативна и образовна дејност, ако така сметаат дека ќе бидат пофункционални.

Да не должам многу, навистина не ја гледам логиката. Ако може приватно лице да формира институт, ако може странско приватно лице да формира институт и тој да функционира, доколку ги помине сите законски барања, акредитација и дозвола за работа, зошто постоечки институти на универзитетот не би можеле да се здружат. Сите други тоа можат да го прават, само оние на медицински факултет не би можеле тоа да го прават. Навистина не гледам логика и не само што не гледам логика, туку веројатно не гледам нешто повеќе што се крие зад оваа забрана затоа што амандманот не се прифати.

Би било добро некој да може да ми објасни што се крие, што јас тоа не го гледам за да се забрани формирање на институтски универзитетски ценатар. Инаку нема никаква логика да не биде прифатен амандманот.

Колеги, јас ве повикувам, се надевам дека ме разбравте, не сум сигурна дека успеав да ве убедам сосем но станува збор за правда, не за закон каде се спроведува права, туку за правда или барем ставање на рамноправно место на животните и луѓето, бидејќи ако е дозволен ветеринарен универзитетски центар, претпоставувам дека може да се дозволи медицински институтски центар за луѓето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам повелете господине заменик министер.

**Јован Лазазрев:** Најпрвин да кажам дека не се забранува формирање, туку во законот односно во тој став стои дека постојат и други форми од дејноста на единиците. Со статусот на универзиетот кој ќе биде правно лице, статутот на факултетот, може да се направи тоа. Значи не постои забрана. Така што не гледам односно цениме дека не треба да се пренормира овој закон. Законот не треба да биде статут па се да биде опфатено во него. Од тие причини.

**Љубиша Георгиевски:** Благодрам.

Повелете госпоѓа Јаневска имате три минути реплика.

**Веснас Јаневска:** Апсолутно не постои забрана и јас се извинувам ако некој погрешно ме сфатил. Јас, ќе повторам.

Ако во четвртиот став таксативно се наброени оние кои можат да формираат центар а не се прифаќа амандманот а се формира универзиетски институтски центар, индиректно станува збор за забрана, бидеќи утре ако дојдеме на суд не знам како ќе го толкуваат тоа прашање. Зошто не може да се прецизира или да се допрецизира четвртиот став, или да се избрише четвртиот став па за сите да важи одредбата од вториот став. Јас сум согласна и комплетно да се избрише 4-от став и тогаш важи одредбата од вториот став дека со закон или со статут ќе се формираат конститутивни единици на универзитетот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика побара господин Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Во принцип не сум против амандманот што го предложи групата пратеници и гоиспоѓата професор Весна. Меѓутоа, во секој случај законското решение што сега се нуди не го забранува тоа преку статутот на медицински

факултет да направат такво интгересно здружување било на научна било на профитабилна основа. Меѓутоа, во секој случај, ваквото решение е спас на постоечкото решение во ОЗТ институти во медицинскиот факултет во Скопје поради тоа што сега е во пат позиција. Поставените директори од времето на комунизмот т.е. од 1988 до 2008 година, имаме еден директор кој е 20 години директор на еден од иснтитутите во таа институција. Значи ваквото законско решение го дава профитабилно и научно да направедува институтот. Меѓутоа, никој во предложеното законско решение не брани двва или три института да соработуваат профитабилно. Битно е дека ќе го нема веќе ОЗТ институти. Тоа е комунистичка творевина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодрам.

Дали има уште реплики? (Нема)

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Амандманот е добар и треба а се прифати. Еве зошто.

Ако веќе го прифативме член 22, во кој се дефинирани положбата и статусот на научните институти кои можат да бидат во првиот став единици на универзитетот, тогаш во самиот универзитет може да се дозволи интересно здружување на институтите во универзитетски институтски центар, бидејќи во другите членови 52, 53, 54 каде е дефинирана улогата на Сенатот во избор во звање, некој треба да им предложи во еквиваленцијата за редовни професори. Сега можете да кажете на институтите не се редовни професори туку се виш соработник, но со членот 22 им дадовте да можат да вршат високо образовна дејност втор и трет циклус на студии. Тогаш ќе можат да напредуваат звањата еквивалентни, кои се за високо образовните институции. Кој тоа ќе го предложи? Значи добро би било само со една реченица, не го обременува законот.

Втората двозначност за кое јас верувам, колешката Весна Јаневска и го предложи овој амандман, е за медицинските науки. Јас би сакал да ја искористам оваа прилика и да разбијам една заблуда. Имено медицинските науки не се опфатени со Болоњската декларација. Јас не можам да сфатам како некој презема активности на медицински факултет, усогласување статутот, прво таму во двата циклуси 3+2 или 4 + 1, не можат да бидат опфатени кога минимум години на студирање се 6. Болоњската декалрација не се однесува на медицинските науки, уште повеќе кога ние како држава ќе склучуваме билатерална спогодба во сферата на образованието и науката или признавање еквиваленција на звања.

Втората страна секогаш инсистира во делот на медицинските науки да се исфрли таа одредба. Сите љубоморного зачувуваат тој дел на сферата на националното уредување во областа на медицинскит енауки. Еден од камењата на сопнување со кои што се каснеше со овој закон беше стручњаците, правните експерти да одговорат како медицинските науки да се вклопат во овој закон имајки во предвид дека во поранешниот систем се изгуби звањето универзитетски клинички центар. Стана Универзитет - Клинички центар само кој што не беше под капата на Универзитетот.

Звањето во избор на професорите при Медицинскиот факултат немаше вработени професори на самиот Факултет, туку тие беа вработени на Клиничкиот центар. Имаше навистина од правен аспект страшно недефинирано подрачје. Се нарпави напор и во членот 178, во преодните одредби е дефинирано тоа. Јас се повикувам сега на амандманот кога во членот 178 ви пишува почитуван коелга, заменик министер дека Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” Скопје, Медицински факултет и јавните здравствени установи, универзитетските клиники и Институти склучуваат спогодба за уредување на меѓусебните односи во вршење на образовната, научно-истражувачка и здравствена дејност и т.н. Значи, веќе е споменато дека Институтите ќе можат да се вклучат во високообразованта дејнсот тогаш имате судир на два члена во законот. Ништо не смета ако се дефинира во членот 45 став 4 дека може и универзитетскиот Клинички центар да има и универзитетски институциски центар, не само за медицинските науки, туку и за другите иснтитути кои што можат да се спојат, од посебен интерес.

Дури, уште повеќе кога ние имавме експертиза пред Советот на Европа ни беше сугерирано за “Св. Кирил и Методиј”, кој што е навистина комплетен Универзитет, со многу членки, со различни науки од областа на техничките науки, медицинските науки, општествените науки, природните и т.н., да се направат универзитетски центри во кои што звањата ќе бидат регулирани со интересуално спојување на тие посебни подначни области во интересовни заедници. Не смета ништо, дури ќе помогне во отстранување на недоразбирањата кои што во иднина ќе се јават. Ако ви е изговорот дека законот многу се обременува, тој е веќе обременето со повеќе правни фази и тука не може да се помогне.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Во однос на она што минатата седница го говоревме за основање на институти надвор од Универзитетот да можат да бидат акредитирани согласно одборот за акредитација, а да вршат магистерски докторски студии јас навистина не гледам никаква нелогичност, а во интерес на практиката и на она што ни го најавува Болоњската декларација дека здружување од било каков тип согласно Статутот на Факултетот ќе можат да се основаат вакви институти, меѓутоа , не можам да сфатам од каде аграрните

универзитетски институти се поважни од едни институти кои постојат децении наназат, а Болоњската декалрација не се однесува на Медицинскиот факултет. Тоа се 12 Институти кои можат да се здружат, тоа може да се направи согласно членот 45, но не знам зошто не би стоело универзитетски институтски центар, едноставно за да не ни биде поважно дека аграрните универзитетски институти се поважни од овие институти.

Ќе се случи еден сериозен вакум, да кажеме Институтот за мелографија при Музичкиот факултет и Институтот за театрологија, Институтот за драматургија да не можат да се здружат во еден универзитетски уметнички центар.

Но, прашањето ми е почитуван и драг заменик министре зошто да не ги ставиме овие 12 институти да можат да егзистираат и да го допрецизираме текстот. Зошто аграрните иснтитути да бидат поголеми од институтите при Медицинскиот факултет кои се 12. Навистина не знам согласно членот што го говоревме минатиот пат, кои можат да држат магистерски и докторски студии од втор и трет степен. Ќе се случи едно превирање, јас знам дека согласно Статутот можат тоа да го прават, тие можат да се спојат, но некакво допрецизирање ќе биде потребно бидјеки ќе побараат многу институти.

При Филозовскиот факултет постои Институтот за археологија, Институтот за историја и т.н., сите тие во интерес на интелектуалната истражувачка научна мисла можат да напредуваат особено што Болоњската декларација наведува на едно крајно доживотно учење.

Благодарам и се надевам дека моите колеги од позицијата и од опозицијата ќе гласаат за овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници.

Навистина како прво не можам да го разберам објаснувањето на заменикот министер дека токму овие конкретно три збора тука ќе го обременат текстот на законот за високо образование, кој и така има доста фрази кои што можеби и не беа неопходни да бидат, а од друга страна е многу значаен, или пак образложениeто ако не го има тоа во законот не значи дека е забрането, меѓутоа сега така говориме, но утре кога ќе се соочиме со имплементацијата на законот и во пракса кога ќе треба да направиме нешто ќе видиме дека има проблем. Можеби во овој момент нема проблем, но во праксата многу често ни се покажало дека и помали недоречени работи прават проблем, а камо ли еден ваков пропуст.

Сакам да дадам поддршка на амандманот и апсолутно се согласувам, нема да го повторувам она што почитуваната колешка Весна Јаневска го кажа во насока на институтите од областа на медицината и иста поддршка имаше од колегата Тале Герамитчиоски, кој што добро ја познава оваа проблематика, затоа што во изминатите години и директно се занимаваше со ова, меѓутоа сакам да кажам дека апсолутно е нелогично во членот 45 каде што се набројуваат, каде што вели дека Универзитетот може под услови утврдени со закон и со статутот на универзитетот за вршење од својата дејнсот да организира универзитетски клинички центар, универзитетска поликлиника, универзитетски спортски центар, универзитетски ветеринарен центар, аграрни универзитетски институти и т.н., да не може да стои “Универзитетски Институтски центар”.

Почитувани колеги проблемот не е само кај Медицинскио тфакултет, апсолутно се согласувам дека тоа е многу значајно, една од суштинските работи, ние имаме и други институти. Колешката Валентина Божиновска ги спомна институтите на Филозовски факултет кои што се занимаваат со историја на уметноста, со археологија, класична филологија и т.н., кои што можат меѓу себе многу да придонесат со здружувањето да воведат едни интердисциплинарни студии. Ист е случајот и со петте таканаречени, кои што ги нарекуваме сега национални институти. Зошто да не може Институтот за национална историја и Институтот за фолклор, Институтот за македонски јазик, за старословенска култура, да не ги набројувам другите и т.н. да формриаат универзитетски иснтитутски центар кој што ќе може да се занимава со интердисциплинарни студии. Тоа е суштината на овој закон, за да овозможиме интердисциплинарни студии.

Јас бисакала тука да допрам и едно прашање кое што мислам дека остана да лебди, луѓето кои што се занимаваат со научно-истражувачка дејнсот добиваат звања соодветни на оние кои што ги имаат во наставната дејнсот на универзитетите. Исти се роковите. Ако и таму помлад асистент има три плус три години, исто и во институтот, во сите иснтитути треба да помине три плус три години како помлад асистент, иста е процедурата и за станување на асистент, иста е процедурата и за добивање на останатите научно-наставни звања. И во институтите тие се викаат научни-наставни звања. Без разлика дали е таму професор, или овдека е научен советник. Меѓутоа, процедурата е иста, начинот на избор е ист, критериумните се исти, се бара магистратура, докторат, објавени трудови, учество на симпозиуми и т.н. и т.н. Не гледам што пречи навистина уште овие три збора да стојат таму, да бидат јасно дефинирани и да се даде можност понатаму на сите овие иснтитути, кои што се од суштествено значење во науката и наставната дејност да можат да дадат значаен допринос, не само во медицината, туку и во другит еобласти токму овие зборови да го обременат текстот.

Сакам да дадам подршка на овој амандман, но би сакала да го отворам и прашањето, навистина ако не го прифати заменикот министер не значи тоа крај на светот. Ако се јават повеќе пратеници, од повеќе пратенички групи кои што имале допирна точка со ова, ја познаваат проблематиката, иницирано е од колешката Весна Јаневска, која што добар дел од својот работен век го поминала на оваа проблематика и навистина не гледам зошто да не може пратениците да го изгласаме. Законот што е даден е даден така и сега ние треба овде само да ги стиснеме копчињата и баш ништо да не измениме во него и да го подобриме. Наша основна задача на пратениците е да ги следиме законите и да даваме придонест, нешто што е пропуштено да го направиме поинаку, да го направиме подобро. Не гледам простор за суета. Зошто суета не се прифаќа ова за да не се обременел текстот.

Навистина нема потреба да се усложнуваат работите. И можеби, како што кажа колешката Весна Јаневска најдобро е во овој момент на паузата да се седне и да се поразговара кои амандмани можат да се прифатат, ова не го сметам губење на време, меѓутоа за да можеме да бидеме поефикасни во работата и да дојдеме и до поквалитетен закон, закон кој што ќе се имплементира понатаму и побрзо да ја завршиме која што ја имаме и конечно да го донесеме законот за високо образование. Има работи, кои што можеби не се усогласуваме затоа што имаат и некоја, така да кажам, политичка конотација, иако најмалку треба да има политика во високото образование, но да се согласам дека имаат и политичка конотација, но вакви работи кои повеќе се од техничка природа и со кои што сите се согласуваме дека се добри и апсолутно нема да влијаат на текстот на законот негативно, зошто не се прифаќаат.

Ќе дадам подршка на овој амандман и очекувам дека тоа ќе го нарпават и колегите од парламентарното мнозинство, затоа што колку и да даваме ние подршка сепак немаме доволен број да го изгласаме амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Трајанов реплика или збор. (Збор).

Има збор господинот Павле трајнов, повелете.

**Павле Трајанов:** Јас сакам да го подржам амандманот кој што гообразложи пратеникот Весна Јаневска.

Мислам дека треба да се даде можност институтите меѓу себе да се поврзуваат без разлика дали е во една или друга област. Нема да смета ништо во законот ако постои таква можност. Дали и како ќе се поврзуваат тоа е друго прашање, но не треба да има законско ограничување. Напротив треба да постојат законски основи за да се поврзат институти од повеќе области. Дали е тоа од аграрот, медицината, другите институти што постојат во државата, правни истражувања, економски институти и т.н.

Значи јас сум за тоа и предлагам пратениците еда го подржиме овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Службите ги повикувам да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Уште еднаш ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам пратениците кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата.

Претресот е заклучен.

Ги молам пратениците кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Уште еднаш ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Бидејки имаме доволен број на присутни пратеници во салата, амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници. За гласале 25, воздржано 2 и против 30.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Сега предлагам еден час пауза за ручек.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 13,57 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,25 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам сите пратеници кои се во Собранието да влезат во салата, затоа што треба да продолжиме со седницата.

Ги повикувам службите да достават точен број на присути пратеници во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум).

Продолжуваме со попладневната сесија.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 2, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот се одбива.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум)

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутен 61 пратеник, гласале 59, за гласале 11, воздржано 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на поднасловот пред член 48 и на член 48 став 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници,

Овој амандман го предлагаме од името на Младинскиот образовен форум заради тоа што со него се обезбедува допрецизирање на одредбата на законот во која се зборува за ректорската конференција на јавните универзитети, односно приватни универзитети. Имајќи предвид одредени проблеми со акредитацијата на високо образовни институции, имајќи предвид дека во ректорската конференција би требало да имаат право да учествуваат ректори кои се само ректори на акредитирани универзитети, на приватни акредитирани универзитети, овој амандман го предложивме во нивно име заради тоа што сметавме дека го допрецизира законот и не остава дилеми за составот на ректорската конференција, ниту пак ќе предизвика дополнителни проблеми, напротив, регулира еден дел од прашањата кои во изминатиот период се појавија како проблематични. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема поеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 11 пратеници гласале за, 2 воздржано, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 48 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Со овој амандман се предлага да се додаде нов став кој ќе гласи: универзитетите од став 1 на овој член да имаат право на делегирање по еден дополнителен претставник на ректорската конференција на секои 500 наставници и соработници, како и по еден дополнителен претставник на секои 2000 студенти. Овој амандман се предлага со цел да се овозможи учество на наставниот кадар и на студентите во ректорската конференција преку изнесување на свои ставови и мислења по одредени прашања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Службите ги повикувам да достават точен број на пратеници присутни во салата.

Бидејќи во салата има 62 пратеника, ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 12, воздржано 1, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Колеги и колешки пратеници,

Интересно е да слушнеме образложение зошто овој амандман не се прифаќа, заради тоа што во верзијата на законот која што првично беше доставена од оваа Влада и која помина и на Собраниските тела, а за кој се дискутираше и на јавната дебата која ја организираше Комисијата за образование, наука и спорт ваквото решение,

решението кое што беше претходно предложено во тој член во законот воопшто не беше спорно.

Имено, предлогот на амандманот во суштина се однесува на тоа член 49 став 2, да биде на ист начин регулирано како во законот кој што веќе еднаш беше повлечен од Собранието. Јас се прашувам што е она што се случило во меѓу периодот за толку радикално да го смени мислењето на Владата и на министерот за образование да се даде потполно нов предлог за состав на интеруниверзитетската конференција. Јас навистина би сакала да слушнам кое е тоа образложение и кои се побудите заради тоа што тоа е направено така. Имено, во предлогот кој што го добивме тогаш и за кој што ќе кажам во јавната дебата немаше ниту една забелешка од страна на сите универзитети и високо образовни институции кои што учествуваа во јавната дебата.Беше предложено интеруниверзитетската конференција да биде составена од ректорите на унвиерзитетите, претседателите на сенатите на универзитетите, по три члена од секој универзкитетски сенат избрани со тајно гласање, по два декани од секој унверзитет и од деканите на самостојните високо образовни институции, и претседателите на студентските парламенти. Во новиот предлог што го добивме се предлага интеруниверзитетската конференција да е составена од ректорите на универзитетите, претседателите на студентските парламенти на универзитетите, 20 члена од редот на наставно научните работници избрани од сенатите на универзитетите, процентуална застапеност според нивното учество во вкупниот број на редовни студенти прв пат запишани во студиската година и еден член избран од редовите на директорите на самостојните високо образовни институции. Значи, сметам дека треба да остане предлогот кој што веќе еднаш сме го разговарале дека ваквиот состав на интеруниверзитетската конференција може да предизвика дополнителни проблеми во функционирањето и дека решението кое што сега го предлагам, а кое што претходно веќе беше поминато низ собраниска процедура е многу поцеллисходно и подобро за регулирање на ова прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 10, воздржано 1, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер за образование господинот Јован Лазарев.

**Јован Лазарев:** Овде се работи за предлог за бришење на еден став во кој што се вели дека во работата на интеруниверзитетската конференција учествува министерот надлежен за работите на високото образование, но без право на одлучување и право на глас. Овој став не потоеше во претходната верзија и е ставен токму на барање на универзитетите. Универзитетите бараа министерот да биде присутен, да имаат соговорник со кого да разговараат. Но, тој нема право на одлучување.

Од тие причини Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници,

Без оглед на тоа кој инсистирал на одредени решенија не само во овој закон, туку и во другите ззакони, конечната одговорност за тоа каков закон ќе излезе од овој собраниски дом е на пратениците во ова Собрание. И заради тоа ве молам, да не се приклонувате за прифаќање, или неприфаќање на одредени законски решенија врз основа на тоа кој ги предложил, без разлика дали е тоа Сојузот на стопански комори за законот за ваучерите кога се инсистираше без гаранција да се доделуваат компјутери на студентите и на тој начин да се овозможи компјутери кои се склопувани неоригинал, неквалитетни да дојдат во рацете на студентите. Тоа го направивме тогаш. Има милион други примери кога поддржавте такви решенија кои што ги барале други субјекти од различни лични интереси. Меѓутоа, тие решенија одеа на штета на граѓаните на Република Македонија. Затоа јас барам да не се осврнувате кој барал вакво решение да има во законот, туку дали тоа решение треба да го има во законот или не. Лично мислам дека исклучително лошо на интеруниверзитетската конференција да присуствува министерот за образование макар тоа да биде и без право на одлучување. Заради тоа што универзиетот е самостојна авономна институција, има начин како министерот заедно со ректорите на униерзитетите да соработува, има начин како да се остваруваат заедничките политики во високото образование, меѓутоа најмалку начинот за таква соработка може да биде преку вакво решение. Интеруниверзитетската конферецијa е тело кое се формира заради разгледување и усогласување на прашања од заедничко значење на универзитетите. Јас навистина не знам што би барал министерот за образование и наука во нејзината работа. Доколку има одреден став интеруниверзиетската конференција треба да го гради независно, а ние сме свесни дека доколку министерот присуствува на седниците на интеруниверзитетската конференција, дискусиите нема да бидат онакви какви што би биле без

негово присуство од природни причини кои што не би сакала да ги наведувам сега заради интерес на времето. Ако не сакаме да бидеме оквалификувани како држава која сериозно ја загрозува автономијата на универзитетот, тогаш ќе го прифатиме овој амандман заради тоа што тој е еден од амандманите кој што врши корекција на Законот во тој правец. Има и други такви членови заради кои што зборувавме и во текот на расправата, меѓутоа и во текот на амандманите, меѓутоа крајно е несоодветно министерот да присуствува на интеруниверзитетската конференција и на тој начин со своето присуство да влијае на одлуките кои што ќе се носат на интеруниверзитетската конференција.. Интеруниверзитетската конференција ќе биде многу посамостојно тело, многу поавтономно ќе ги носи своите одлуки, многу понезависно ќе ги разгледува прашањата кои што се од интерес на високото образование, а се во нејзина ингеренција доколку нема присуство на членови од извршната власт, дали е тоа министерорт за образование, дали е тоа премиерот Груевски, дали е тоа министерот за финансии, не е важно, во секој случај мислам дека овој амандман треба парламентарното мнозинство да го прифати доколку не сака и понатаму да биде продолжена рака на оние кои што сакаат по секоја цена да воведат апсолутистички режим во Република Македонија и да востановат механизам на контрола од страна на Владата над сите институции кои што се независни и не се под капата на Владата на Република Македонија. Апелирам до парламентарното мнозинство сериозно да размисли каков чекор ќе направи со тоа што нема да го прифати овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам краток. Не е многу важно дали министерот неговото право да учествува во работата на интеруниверзитетската конференција ќе биде вметнато во член на законот, или не. Практиката покажала дека доколкку постои некој обостран интерес од страна на Министерството, или интеруниверзитетската конференција, или се дебатира за нешто за кое што е важно присуството на министерот, не мора со закон да биде уредено дека тоа присуство треба да биде законски во дефинирана рамка. Секако тој на покана на интеруниверзитетската конференција која што е живо заинтересирана за неговото присуство, ќе присуствува.Навистина за мене е беспредметно ова да стои во законот, бидејќи во пракса секако тоа се случува без некоја законска облигација. Јас би поставил прашање што значи сега ова, ако се усвои во законот вака да стои? Дали тоа значи дека министерот е обврзан постојано да присуствува на седниците на интеруниверзитетската конференција и дали некој ќе го повика на одговорност, или ќе го казни ако не присутвува, или праќа свој претставник постојано заради зголемените обврски на интеруниверзитетската конференција. Мислам дека беспредметно е обременет текстот на законот со оваа работа која што секако се случува без некоја потреба законски да се интервенира.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Во поддршка на амандманот со едно разочарување дека кога заменикот министер ги одбива другите амандмани, ги одбива без образложение само со познатата формулација, амандманот се одбива. И на пример претходниот амандман на колешката Грковска се однесуваше на членувањето на претседателите на сенатите кои што некако помеѓу двете верзии и онаа последната што е усогласување со ректоратот е изгубено. И сакам да го истакнам она што го прочитав и во медиумите, дека последната верзија на овој закон за високо образование што го имаме не е усогласен со универзитетите. До 20 ноември постоела некоја заедничка координација, но потоа на седницата на Влада направени се измени кои што не се усогласени со ректоратот. И затоа во овој член 49 кај интеруниверзитетската конференција имаше варијанта да учествуваат и претседавачите на сенатите. Но, тие некако се изгубија од страна на Владата. Подоцна имаме еден амандман ние каде што ја враќаме таа функција што до сега успешно функционираше. Но, заменикот министер не најде за сходно да го образложи тоа, одбивањето на амандманот. Ама кога станува збор за министерот, тогаш бидејќи е лична работата се јави во одбрана на одбивањето на амандманот. Апсолутно никој не мисли дека не треба да има комуникација помеѓу министерот и универзитетите. Интеруниверзитетската конференција по самата дефиниција е разгледување и усогласување на прашањето од заедничко значење. Значи од политиките што ќе се договараат помеѓу универзитетите, апсолутно местото на министерот и заменик министерот, па уште и без право за одлучување не е законска обврска што мораме да ја третираме. Секако министерот на повик на интеруниверзитетската конференција ќе дојде, ќе разговара. Но, мислам во едно тело во кое што членуваат многу и учествуваат директори и претседатели на студенските парламенти, 20 члена од наставно научните совети, работници избрани од сенатите на универзиетите, мислам дека апсолутно не треба да го обременуваме, или пак да му ставаме обврска за што зборуваше колегата Герамитчиоски, па ако не дојде три пати, ќе го смениме од министер. Нема врска. Апсолутно не потребно. Но, она што мене ме загрижува е дека заради суетност министерот си го брани со образложение само онаму каде што се тие споменати, а таму каде што редица од

професори, еден концепт и традиција што постои на претседател на сенат се руши, не најде за сходно да ни објасни на пратениците зошто не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците кои се во Собранието, а не влегле сеуште во салата, да влезат во салата затоа што пристапуваме кон гласање.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 10, воздржано 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 49-а, по членот 49, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Јован Лазарев:** Овде се работи за член во кој што треба да се уредува студенскиот интеруниверзитетски парламент. Но, бидејќи оваа материја е регулирана во член 156 од овој закон, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** За да немаме дилеми, ова не е наше барање. Ова е барање на 11 илјади студенти кои што ја потпишаа оваа петиција, а кое што вие денеска нема да го уважите. Значи, 11 илјади студенти кои што ја потпишаа оваа петиција бараат да се регулира студентски интеруниверзитетски парламент во Законот за високо образование кои ќе ги сочинуваат претставниците на студенските парламенти на унвиерзитетите преку кои на студентите ќе им се даде можност да ги разменуваат своите идеи, ставови и мислења, заеднички да настапуваат пред институциите на системот и да бидат активни двигатели на демократските процеси во земјата. Очигледно оваа Влада не сака да го прифати тоа, очигледно оваа Влада се плаши од моќта на студентското движење и заради тоа не сака да го прифати барањето. Уште еднаш ќе повторам, на петиција на студенти, на 11 илјади студенти од различни универзитети кои што сакаат да бидат поорганизирани, кои што сакаат дас имаат одредена форма која што ќе им овозможи да се заштитат од политички притисоци и да делуваат онака како што доликува на студентски движења, онака како што студентите знаат и можат да бидат двигатели на позитивните промени во секоја држава. Мене ми е многу жал што во оваа држава последната една ипол година нема слух за ваквите барања на студентите, многу ми е жал што во последните 15 месеци студентите се манипулираат, на нив им се ветуваат различни работи кои што на крајот се испоставува дека воопшто не се реализираат туку напротив само се злоупотребуваат гласовите на студентите за различни интереси на владеачката гарнитура.

**Благој Зашов:** За реплика се јави господин Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Убава е дискусијата која што ја отвори колешката Славица Грковска, меѓутоа не убав е пристапот и начинот во дискусијата, позиционирањето и поларизирањето на студентите во тој список од 11 илјади студенти кои што го имаме добиено и ние има потпишано студенти најмногу што се неопределени, но има потпишано и студенти кои се членови и на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ, веројатно и на другите политички партии. Така што, поларизацијата во конкретниов случај дава карактеристики само за пристапот на СДС во водењето на оваа политика, не дава целосен и сеипфатен пристап кој што треба да го имаме како одговорни политичари. Таквата иницијатива, госпоѓо Грковска, би ве потсетил не е нова во Република Македонија и таквата иницијатива е присутна можеби 5 или 6 години на сцената на невладиниот сектор во Република Македонија. Јас како поранешен учесник во невладините организации, како поранешен работник во невладините организации детално сум ја следел целата таа постапка и многу пати лично за ова со господинот Тале Герамитчиоски сме ја дискутирале токму оваа тема поврзана со студентското организирање. Факт е дека во Република Македонија до сега единствено студентското организирање беше монопол, дури и Синдикатите се демонополизираа, меѓутоа претходните влади или претходните парламентарни состави апсолутно пристапот го правеа на продолжување на монополот во студентското движење. Јас би сакал да потенцирам дека апсолутно ја подоржувам иницијативата за воведување на плурализам и парламентаризам во студентското движење. Како што добро знаете во членот 156 ми го потенцираше и заменик министерот за образование е направен огромен исчекор во насока на демонополизација и плурализација и парламентаризација на студентското движење како би можеле како држава да обезбедиме реален, легитимен и логичен начин како студентите ќе се борат за своите прав и тоа ќе го прават на многу демократски начин. Да не се борат кој е од ВМРО-ДПМНЕ, кој е од СДС или од други партии, туку да се борат кој што им нуди на студентите, кој ќе им овозможи поевтини уписни политики, ќе им овозможи поефтини такси кој што ги плаќаар секојдневно студентите и т.м. Ако ја водиме дискусијата во таа насока, јас апсолутно би ја прифатил дискусијата и би ви дал подршка,

меѓутоа за прв пат во Република Македонија во член од Законот за високо образование се предвидува воведување на парламентаризам во студентското движење. Она штоостанува врз база на искуството од Словенија, врз база на искуството од Србија, врз база на искуството од Хрватска е дека можеби треба да размислуваме за донесување на посебен закон за студентско организирање, кое што постои во сите овие земји кои што ви ги набројав. Се надевам дека ќе ја прифатите овој позитивен тон во дискусијата и дека ќе продолжиме да ја водиме расправата во насока на овозможување на правата на студентите, а не во насока на пресметка помеѓу политичките партии. Тие до сега многу слушаа пресметки и сметам дека е паметно вака да ја продолжиме дискусијата.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Димовски.

Контра реплика има госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Димовски, поларизацијата на студентите ја направивте вие не јас. Јас во ниту еден момент не спомнав студенти од ВМРО-ДПМНЕ , студенти од СДСМ, независни студенти, туку јас само спомнав дека таа петиција е потпишана од 11 илјади студенти од различни универзитети и дека тоа треба да се уважи. Начинот на кој што вие ја пласиравте идеата укажува на тоа дека вие сте обременети со поларизација и партиската определба на студентите, што за мене не беше важно. Точно е дека идеата не е нова, меѓутоа точно е исто така дека е ново тоа што ВМРО-ДПМНЕ сега кога е на власт не ја подржува, заради тоа што не му оди во прилог во овој момент, заради тоа што знае дека ваквиот начин на организирање на студентите ќе придонесе многу повеќе за подобрување на статусот на студентите во Република Македонија, а тоа не оди во прилог на влста.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Министерот има свое јавување, без разлика според Деловникот министерот секогаш има предност.

Повелете господине заменик министер.

**Јован Лазарев:** Вие ја водите седницат аи ако ми дадете збор, ќе зборувам.

Гледам дека се пријавија доста пратеници. Овде не се работи за разлика на концепт, овде не се работи за разлика во идеа, овде сите исто мислиме и позиција и опозиција. Единствена разлика меѓу нас е во тоа што дали ќе го пренормираме овој закон или доволно ќе го нормираме за да биде закон. Затоа што, елементите кои што се содржани во овој амандман, се содржани и во член 156. Сите сме за студентски парламент и тука сме усогалсени. Нема разлика и ни еден не е во дилема дали не треба или треба студентски парламент.

Од тие причини цениме дека амандманот не треба да се прифати, бидејки се содржат сите елементи во член 156.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министре.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Заради јавноста и заради другите пратеници, ова не се наши амандмани, ова се амандмани кои што Младинскиот образовен форум извршил истражување или сондажа со потписи на волјата на над 11 илјади студенти, ги доставил до стие и бара да се почитува нивниот став и да се дебатира во овој собраниски дом. Јас, почитуван колега, тоа го понудив, ги повикав на Комисијата, бидејќи по сплет на околности јас ја водев Комисијата за образование и наука и сега се јавувам и како известител на Комисијата бидејќи ме назначија како известител. Значи, го понудив овие амандмани да бидат од Комисијата, почитуван колега, не од нас, да не добијат партиски или политички призвук. Не сакам овде да се дебатира дека овие се политизација од СДСМ се или од ВМРО-ДПМНЕ и т.н. Студентите е за поздравување што направиле напор да се најдат себе си во законските решенија после Берген Министерската конференција каде што се инсистираше на таа конференција во Коминикето студентите да добијат поголемо учество во управувачките структури на Универзитетот и пошироко на формите на здружување на универзитетите Интеруниверзитетска конференција.

Ова што го кажа заменик министерот држи. Навистина ние предложивме во нивно име, бидејќи јас на Комисија кажав, до колку не сакате како Комисија да ги предложиме, студентите работеле, сработиле и ферски беше да излеземе со нивните предлози и ставови да дебатираме на овој собраниски дом и јас тоа го направив во нивно име, бидејќи го понудив,никој не го прифати па јас кажав, најавив дека во нивно име ќе го потпишам тоа. Секако, со нивна согласност. Мислам дека тој спор е расчистен. Сега да дебатираме за самите амандмани. Тие се плашат од минатото како биле злоупотребувани од постојните управувачки органи на факултетите и на Универзитетот. Јас можам овде два дена да ви кажувам примери како денарот кој што го собираат при уписот на факултетот, а е за студентите треба да помине, бидејки не се правно лице, преку деканската управа, деканот да го одобри тоа па да ги добијат тие средства. Исто е и за на универзитетско ниво. Значи, на факултетско ниво и н ауниверзитетско ниво, каде што ректорот треба да ги одобри тие средства. Честопати студентите не се согласуваат со одредени ставови и студентите кои постојано претставувале авангарда во едно општество се попунуваат во одредени состојби дали на факултетот или на универзитетот и секогаш биле уценувани со тие пари, заради дејности. Од една страна имало злоупотреба на положбата на одредени факултетски управи, ректорски управи кои што притискале на студентската организација. Од друга страна пак студенти кои

одамна го изгубиле правото да се нарекуваат студенти заради должината на студирање, заради неактивниот статус ги узурпирале тие студентски организации секогаш и не дозволувале или вршеле притисок гласањето за нови управни органи во тие студентски сојузи да биде полуинкогнито изведено се со цел да приграбат одредена власт или да учествуваат во управување според стариот Закон во органит еи телата. Секогаш имало масовно незадоволство на студентите и од студентската организација и од декан, и од ректор и т.н.

Сега, за прв пат зошто во овој закон се јавува тоа. Затоа што тоа е ситуација која што се јавува кај поголемиот број на бивши југословенски држави, па и кај европските држави каде што не беше докрај регулиран статусот на студентските организации или како што кажа колегата монополистичкиот начин. Затоа, Министерската конференција во Берген ја отвори оваа расправаи затоа донесоа Коминике, затоа наложија да има студентски парламент кој што ќе се здружува на повисоко ниво во интеруниверзитетски парламент. Студентите тоа многу добро го следат и го преточиле успешно во амандмани. Јас мислам дека за сите овие образложив, бидејки е безпредметно да се станува и да се зборува за сите нив. Држи образложениeто на заменик министерот навистина до колку сите се вградат во законот ќе се обремени законот, но мора тука претставникот на Владата да преземе обврска, не знам сега дали е во состојба, но мора да преземе обврска да се реши нивноот право дали со посебен закон или соподзаконски акт во кој што ќе бидат вградени подетално сите нивни права и обврски, не само во управувањето, туку и во учество во секојдневниот живо тна Универзитетот за да се стави крај на монополизацијата, како што кажа колегата.

Се извинувам што бев преопширен, нема да се јавувам за другите амандмани, сакав подоцна ова да го кажам во подоцнежниот текст, но за почитување е што студентите навистина изработиле квалитетни амандмани кои што заслужуваат внимание од овој Парламент и заслужуваат ако ништо друго во оваа дебата да им се даде едно силно ветување, прво, дека со постојниот Закон кој што ќе се усвои, секако ќе бидат вклучени во управувачките органи, што мислам дека е обезбедено во повеќе членови на законот. Второ, подеталното нивно разработување на активности да биде не само со овие амандмани, што е со нивното финансирање, со управување со средствата, давање на очетност, изборни конференции, начинот на делегирање и т.н. Значи, зрела е работата или закон за студентското организирање или подзаконски акти. Еве, не предизвикаа и заедно да почнеме сите да работиме закон за студентско организирање. Нека биде не само од опозиција и од позиција, од сите оние кои биле вклучени во оваа проблематика. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Господинот Димовски се јави за реплика, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Сега сосема ми е појасен ставот на СДСМ во 99% од работите што ги кажавте сте во право и се точно.Од причините зошто го дискутираме ова долго време, од причините зошто студентите се во таква позиција, до начините како би го надминале овој концепт и до пораките што ги упативте до Министерството за образование и наука, сте исправни и е точна дискусијата. Ако е ова ставот на СДСМ, апсолутно е прифатлив и за парламентарното мнозинство.

Јас би сакал да потенцирам дека и некои од амандманите, колку што ја следам дискусиајта веќе е и прифатен токму од тој список на амандмани и дека нема спор по однос на тоа од каде потекнуваат амандманите. Истите амандмани сме ги добиле и ние, сме ги разгледале и ако се сеќавате добро во претходната постапка пред да се повлече претходниот закон од мене и од господинот Александар Николовски имаше амандмани исти како вашите амандмани. Значи, нема разлика и затоа апелирав да не ја злоупотребуваме говорницата и да ги поларизираме работите. Фала му на Господа после 17 години научивме сите дке аза некои работи не треба да имаме разлики и дека треба да работиме заедно. Затоа јас се согласувам со вашата идеа да продолжиме натаму. Јас можам да учествувам и имам во мојата канцеларија многу амтеријали, закони добиени од истите луѓе на кои што вие се повикувате и можеме да го сработиме ова во наредниот период. Фактот дека со тие амандмани ќе се постигне хипернормираност во самиот закон, сметам дека е доволно. Начините на кои што би го решиле проблемот остануваат отворени, беа спомнати и од мене во претходната дискусија, беа спомнати и од вас во дискусијата која што ја имавте пред малку.

Би сакал само на крај да потенцирам дека успех е за сите нас тоа што обезбедуваме, прво, да ги повторам работите, вклученост во органите на управување, што до сега или го немаше или го имаше.

Втора работа што за прв пат во Република Македонија со концептот кој што е понуден од Министерството за образование и наука воведуваме плурализам во студентското движење. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Димовски.

Повелете господине Спасеновски имате три минути реплика.

**Александар Спасеновски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Накратко би сакал да земам збор два во врска со оваа тема која што се покажа прилично односно да укажам неколку инфорамции во врска со оваа

тема за која што спомна поранешниот заменик министер за образование, накратко проблемот на студентското организирање. Факт е дека студентското организирање претставува долгорочен проблем и факт е дек аголем дел од политичката енергија на политичките партии се кршеше во оваа сфера. Меѓутоа, исто така факт е дека со овој закон и покрај фактот што Република Македонија веќе 17 години плурално живее и покрај фактот што тој плурализам требаше да го зафати студентското организирање, факт е дека после 18 години за прв пат со овој закон се воведува плурализмот во студентското организирање. Оттаму, во однос на барањата и амандманите кои што ги поднесоа пратениците од СДСМ, а се амандмани н аодредена невладина организација која што се залага неспорно за развој на правата на студентите, во основа тука треба да истакнеме неколку работи. Станува збор за различни концепти, односно за различни пристапи во делот на студентското организирање односно во делот на остварувањето на правата на студентите. И во едниот и во другиот случај станува збор за отворање на вратите на плурализмот и на различните интереси на студентите односно на отворање на процесот на конкуренција на студентската мисла односно на студентската идеа. Оттаму, фактот дека овие амандмани кои што беа предложени од страна на невладината организација односно во името на невладината организација од страна на СДСМ, не значи дека се воведува оотпор или се изразува негативн став во однос на правото на студентското организирање, туку напротив станува збор за регулирање на определена состојба и воведување на тој плурализам. Од друга страна една од причините зошто се одбиваат овие амандмани, првенствено како што кажа министерот, е опасноста од пренормирање на определена состојба која што треба да се регулира или со посебен закон за студентското организирање или со подзаконски правни акти. Но, исто така тука се и универзитетите односно факултетите кои во рамките на своите акти, деловници за работа и т.н., статутите ќе ги регулираат исто така овие прашања. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Спасеновски.

Контра реплика има господин Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Нема два различни концепти, еден е. Стариот се напушта, нов концепт се дефинира во закон, нема два различни концепти. Ако им оставите на факултетите да се мешаат во работата на универзитетското организирање, ќе ај добиете ситуацијата како во стариот начин. Затоа, студентите и се плашат и затоа предложиле толку амандмани, за да избегнат било каков начин да ги обврзат факултетите со закон да ги прифатат. Бидејќи факултетите ги гледаат како една маса која што можат во даден момент да ја употребат за гласање, за декан кој да биде, ректор кој да биде и т.н., постојано да вршат притисок.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Сега за збор се јави госпоѓа Топузова Каревска Роза.

Повелете госпоѓо Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Навистина, што се однесува до овој амандман би сакала да дадам подршка, иако, како што слушнавме од заменик министерот, го имаме членот 156, но според мене не е исто. Ќе образложам зошто не е исто, дали е само членот 156 или ќе бидат прифатени и амандманите.

Јас, исто така разговарав со некои студенти од ова Здружение и беше побарана подршка од ЛДП. Но, видов дека на Комисијата за образование и наука е разговарано за тоа и колегите Тале Гермитчиоски и Славица Грковска имаат амандман, па за да не се повторуваме во амандманите, сега, во овој момент сакам да дадам усна подршка.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Ако 11 илјади студенти од различни универзитети, повторувам 11 илјади студенти се потпишале на една петиција. 11 илјади студенти сметале дека овие амандмани треба да најдат место во Законот за високо образование, сметам дека треба да ја почитуваме нивната волја. Иако сите 11 илјади не ги подготвувале амандманите, што е и логично, ги изготвувале неколку луѓе или повеќето луѓе што ја следат оваа проблематика и кои уведеле дека нешто не е во ред со досегашното студентско организирање. Сакаат да внесат еден поинаков концепт во студентското организирање и делување и тој концепт ќе овозможи поинаку да бидат третирани самите студенти и самите да можат да решаваат за одредени прашања што најмногу нив ги засегаат, а да не бидат злоупотребувани, како што се случуваше до сега.

Нема да говорам за злоупотребите, затоа што навистина, кога се говори за студенти, кога се говори за младите, кои се иднина на оваа земја, треба да бидеме многу внимателни и најмалку што треба е да правиме политички маркетинг или да ги етикитираме како студенти од ВМРО или студенти од СДСМ или некоја друга политичка партија. Да ги оставиме младите студенти, без разлика кој од нив каде се определил, да им овозможиме да ги почувствуваат и тие, во нивното организирање, дел од оние демократски процеси што ги имаат зафатено Република Македонија.

Почитувани колеги,

Точно е дека го имаме членот 156. Но, зошто велам дека сега ќе дадам подршка? Сепак имаме

една разлика, затоа што тука го имаме решено учеството на студенитите во управувањето.

Некој рече дека досега студентите не биле вклучени во управувањето. Студентите во управувањето на еден начин, од секогаш биле вклучени, дури и во времето кога јас сум студирала. Студентите можеа да бидат вклучени во системот на управувањето, но прашуваме дали тоа било доволно и дали тоа било вистинско вклучување? Или, како што колегата Тале Герамитчиоски кажа многу често се злоупотребува кога треба да се избира ректор, декан итн.

Ова што го бараат студентите треба да го добијат и заслужуваат да го добијат. Во секој случај, реков, не само што ќе придонесе за поинаков концепт од досегашниот и ќе се развива плурализмот во студенсткото организирање, туку ќе се развиваат и демократските процеси во државата. Затоа што знаме дека Универзитетот игра клучна улога во целокупниот политички систем и целокупното живеење и делување во Република Македонија.

Затоа мислам дека студентите поаѓајќи од тоа што до сега се случуваше и нормално дека има простор да бидат незадоволни, има простор, токму поради тоа ги понудија овие амандмани и токму поради тоа во членот односно по членот 49 бараат да се додаде нов член 49-а, затоа што тука веќе се смествува во еден друг контекст ова нивно организиање - форми на соработка на високообразовните институции. Местото каде што се наоѓа Ректорската конферанција на јавните универзитети и приватните универзитетит, потоа каде што ја имаме интеруниверзитетската конференција се дефинира и тие сметаат дека токму тука е местото да биде она што тие го бараат. Тоа е малку поразлично, веќе сите ние пратеници, без разлика од која област доаѓаме, научивме како треба да ги читаме законите и дека не е исто во кој член и каде, во која глава ќе биде третирано одредено прашање.

Се надевам дека и студентите тргнале од таму, од оваа организација и токму заради тоа ги предложиле овие амандмани во оваа форма.

Тие, исто така го имаат видено ова што е овде го имаат видено членот 156. Не да не им е познато. Затоа ве молам колеги да размислиме уште еднаш, дотолку повеќе што гледам дека и одредени колеги од ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека треба да биде ова вака, дава подршка и не само сега. Од колегата слушнавме дека овие аномалии се забележани од пред пет години. Јас би рекла можеби и повеќе од пред пет години, но еднаш мора да се стави крај на нешто.

Еве го Законот за високо образование, во овој моментн се наоѓа пред нас. Да не должам повеќе, имаме потписи, почитувани колеги на 11 илјади студенти. Ве молам, за тоа седиме во овие клупи. Ако не можеме да почитуваме нешто што бараат 11 илјади млади луѓе, студенти, кои се иднината на оваа земја, што ние ќе почитуваме?

Се надевам дека овој амандман ќе биде изгласан, а понатаму, секако дека нема Бог знае колку да го отповари текстот на законот, ако имаме уште еден член 49-а.

Ќе дадам подршка на овој амандман. Да бидам искрена, очекувам дека подршката ќе ја добие од доволен број на пратеници за да биде усвоен. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Роза Топузова Каревска.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Најпрво, пред малку не сакав да земам збор за процедурална забелешка за да не одземам време. Ќе ви укажам на членот 84 каде што не за џабе тој гласи “на предлагачот, па на министрите и на известителот претседателот на Собранието им дава збор штом ќе го побараат”. Така што нема секогаш министерот предност. Како предлагач господинот Герамитчиоски имаше предност во овој моментн. Но, не сакав да одземам дополнително време за мојата процедурална забелешка.

Се јавувам за подршка на амандманот и навистна, не можам да разберам што е проблемот парламентарното мнозинство да го прифати, поточно ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи тие се јавија само во дискусијата, да не го прифати овој амандман кога разлики околу концептот немаме.

Ако навистина сите се бориме и верувам дека се искрени, дека не сакаме претседателот на Сојузот на студентите овде Симеон Малчевски да доаѓа и да седи во ВМРО-ДПМНЕ само, пратениците , да пие кафе и да делат соби, сакаме тоа да биде врз база на плурализам. И, ако имаме ист таков концепт и ако сите сме го вовеле студентскиот парламетн во законот, не гледам логика зошто овој амандман, што се однесува на интеруниверзитетските парламенти да го отвфрлиме? Не знам со што би се оптоварил законот, ако она што сме го дефинрале дека Студентскиот парламет е добра работа, да не постои студентски Интеруниверзитетски парламент со своја комуникација внатре.

Членот 49 ја решава Интеруниверзитетската конференција, односите што постојат внатре, дефинирано е кои се членови има таму, претседатели на студентските парламенти на универзитети кои се по функција веќе дефинирани и тука дадени. Не гледам зошто да не се даде можност со членот 49-а за формирање студентски интеруниверзитетски парламент за остварување на заеднички интереси. Студентите, како партнери формираат Интеруниверзитетски парламент, а даваме да се формира Студентски парламент.

Она што Младинскиот образовен форум е загрижен е дали членот 156 е доволно силен да се даде обврска на статутите на високообразовните установи, институции да го

реализираат она што е барање на 11 илјади студенти. Да ве потсетам, согласно Уставотна Република Македонија, 10 илјади граѓани се доволни да поднесат закон. Во овој случај имаме 11 илјади студенти, граѓани на Република Македонија кои го бараат ова. Тоа не значи дека ако е проблем кој е предалгач, да се повлечеме од предлагачи ние, нека бидат предлагачи Димовски и Александар Николовски и тогаш можеби ќе помине тоа.

Апсолутно, членот 49-а не нарушува некој концепт. Постојат студенски парламенти, сите велат за тоа во ред, пофалуваме што конечно последана социјалистичка творба во Република Македонија, а тоа е Сојузот на студентите, тоа најодговорно го тврдам, последната творевина треба да згасне. И, добро е што овој закон ја укинува.

Сега, кога ги даваме парламентите по Универзитетот, не гледам што е страшно да комуницираат меѓу себе на ист начин, како што тоа го прават ректорите или професорите или наставниот кадар. Навистина да се задржиме само на овој член 49-а, околу кој не видом дека имаме разлика во концептите овде, во Парламентот.

Затоа, не е битно кој ги поднел амандманите. Битно е дали, ако дадеме Студентски парламент, а сме го дале со Законот, ќе го дадеме и следното природно комуницирање помеѓу универзитетите. Како што тоа го прават Интеруниверзитетската конференција на наставниот кадар, на ректоратите, на претставниците на сенатите, не гледам која е причината тоа да не го пават студенските парламенти.

Затоа, мислам дека треба да се изгласа членот 49-а, овој амандман, со што се додава нов член 49-а, што апсолутно оди во функција на она што сите го зборуваме, а тоа е плурализам во една подзаборавена организација, за жал, од аспект на демократијата во Република Македонија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

Има реплика од заменикот министер за образование.

Му давам збор нему, па потоа репликата.

**Јован Лазарев:** Покрај тоа што го објаснив дека се содржи, бидејќи во член 156, последниот став “учеството на студентите во Интеруниверзитетскиот парламент, прашање за кое рамноправно одлучуваат, начинот на избори и други прашања од значење за остварување на нивните права, поблиску се уредува со статутот на Интеруниверзитетскиот парламент”. Значи, постои Интеруниверзитетски парламент во законот.

Сега, има уште една дополнителна причина поради што и не може да се прифати и да сакаме тоа е ставот 4 на овој член, каде што вели - Студенскиот интеруниверзитетски парламент ќе избере два члена од своите редови кои ќе бидат претставени во ректорскиот совет. Во Законот немаме Ректорски совет. Не може да се прифати и од таа причина.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Воспоставивме една пракса да ги завршиме прво репликите.

Сега би му дал збор на господин Димовски, реплика на дискусијата на Макрадули, а вие потоа.

Прво има реплика господинот Димовски на вас, а потоа вие (Јани Макрадули) на министерот.

Повелете господине Димовски имате збор.

**Илија Димовски:** Мојата дискусија е позитивна во поголем дел и мислам дека ќе даде резултати.

Изненаден сум од некои искри, но во ред, секој со својот стил и со својот начин на работа.

Прво, би сакал да потенцирам дека прв пат во Република Македонија се понудува плурализација на студенското движење. Ова барање е многу старо. Ова е барање најмалку од 2000, 2002, 2003, 2004 година, многу долг период. Јас сум среќен што конечно сите субјекти што конечно треба да дадат подршка на ваква иницијатива даваат подршка и тоа ќе даде резултати. Дали порано или подоцна ќе даде резултат.

Нема ништо страшно освен...

Господине Макрадули додека вие зборувавте јас внимателно ве следев, меѓутоа ве следев на телевизориве што ги имаме во салава, самиот список на амандмани што го имате од невладинава организација Младински образовен форум е доста обемен. Тоа го знае господинот Герамитчиоски, го знае и госпоѓицата Славица Грковска.

Ако одиме со целиот тој концепт на прифаќање на исте амандмани што се поднесени, ќе се доведеме до ситуација да го хипернормираме законот со нешто што не му е првично, примерна, суштинска дејност. Така што ќе треба Законот за високо образование да го крстиме закон за високо образование и студенско организирање.

Амандманите, во најголем дел се прифатливи и се добри. Тоа никој не го спори. Не треба во врска со тоа да се расраваме. Работата е еве, понудив тука, понуди господинот Герамитчиоски да најдеме начин, како сето тоа што е концепт на Младинскиот образовен форум, меѓутоа и на други невладини организации и пред Младинскиот образовен форум и за време додека Младинскиот образовен форум ги тераше тие иницијативи да го вклучиме, да го сегментираме. И ви кажав, по примерот на многу други земји кои отидоа пред нас во интеграциите во Европската унија и во овие модерни текови, да направиме еден нов закон за студенско организирање. Тоа нема да биде нешто што ние го измислуваме. Тоа е работа што треба да ја видиме, да ја проучиме, научиме и да ја примениме во Република Македонија.

Затоа, јас сум задоволен што дискусијата оди во позитивна насока, меѓутоа се плашам дека за работа за која се согласуваме, губиме веќе час време, а работите не се движат толку брзо. Сепак имаме обврска како Собрание некои работи да ги динамизираме. За работи за кои се согласуваме понудив јас, понуди господинот Герамитчиоски концепт како да ги надминеме и мислам дека тоа ќе биде прифатливо и за нас меѓутоа и за студентите и за граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Димовски.

Господине Макрадули вие барате контра реплика на господинот Димовски?

**Јани Макрадули:** Очигледно мислам дека главна причина е кој стои како предлагач. Инаку, ако немаме разлика во концептите, а немаме ништо ни против амандманите, тогаш не гледам зошто и не би гласале.

Ако овој закон го фалиме затоа што прв пат воведува плурализам во студенското движење, зошто тогаш да не го дооперационализираме тоа што за прв пат се случува. Целиот концепт има 13 амандмани. Јас не знам која е таа бројка, можеби се учи на некој факултет, на оптоварување на закон, врз база на број на амандмани.

Владата на Република Македонија на Законот за енергетика, закон од 38 членови даде 38 амандмани. Тоа е обременување или не?

Така што ако е ова цел концепт, имало 13, 20, 50 членови тоа е во функција на операционализација за што сме сите согласни, а тоа е плурализам во студенското движење. Благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господин Макрадули.

Реплика имате на министерот кој имаше збор.

**Јани Макрадули:** Ќе искористам само како контра реплика.

Мислам дека се две загрижености на Младинскиот образовен форум и врз база на членот 156, што го кажа колегата Герамитчиоски. Тоа е дека заменик министерот, за жал, две реченици не дочита до крај, а тоа е дека во членот 156 пишува дека правилата и сите тие работи ќе се уредат со Статутот на високообразовната установа и за тоа се грижат студентите, како тоа факултетот ќе им го реши во нивниот Статут, па затоа сакаат да го стават во закон.

Второ, тоа што го кажа заменикот министер, се согласувам за Ректорскиот совет, но двата члена кои ќе бидат претставници, коректно е да се прочита до крај дека се без право на глас, што значи нема да направат некој дисбаланс во одлучувањето туку ќе бидат присутни во делот на Ректорската управа или овде како што е погрешно, се согласувам, Совет. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

За збор се јави господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Почитувани колеги пратеници,

Мислам дека за прв пат колку што се сеќавам една студенска група не така мала по број, се работи за 11 илјади студенти, го кажаа својот разумен глас за да се интервенира во однос на подобрување на Законот за високото образование. Мислам дека треба да имаме сериозен пристап кон ова прашање.

Мислам дека е срам да расправаме за вољата на студентите, кои од подоцнешната историја многу движења во поранешната југословенска федерација, клучната локомотива на политичките процеси во тоа време беа студентите. Но, за среќа, сега студентите сакаат да подобрат една состојба што ја нуди еден закон за високо образование, со тоа што мислам дека треба и Министерството, односно Владата да размисли во оваа насока по барањето на студентите, бидјеки да се соберат 11 илјади барања и да подржат амандмани во насока на подобрување на нивниот статут, внатре нивните универзитети, мислам дека за ова треба да размислиме посериозно и да изнајдеме солуција, или сосема поинаков став.

Членот 156 од овој Закон на глобален начин ги предвидува неколку студентски прашања. Но, не е голема трагедијата, до колку некои членови, или ставови од овие амандмани, да се прифатат, односно да се вградат во однос на подобрување на текстот на законот. Можеби, заменикот минситер ќе ни рече дека став 4, или некој друг став од друг член од предложениот амандман од студентите не е во ред. Ние знаеме од досегашната пракса во овој парламентарен состав, често пати министрите влегуваа во компромис или во спогодба со пратениците кои имаат предложено амандман и во компромис се согласуваат вториот став да се прифати, а првиот став да се прифати. Ова е една од варијантите која што е можна. А што е најважно, работата добро тече да расправаме по разни идеи и по насока на барањето на студентите, но патот да не ни отиде во погрешен пат и да се политизира студентското прашање во овој Парламент на оваа пленарна седница.

Мислам дека, или треба да се прифати амандманот, или треба да се направи некој компромис околу овој амандман и освен тоа студентите сакаат да ја позиционираат нивната позиција во управните органи. Да регулираат нивниот статут во интеруниверзитетските парламенти, не само во студентските парламенти, затоа што членот 156, не ги дефинира на детален начин овие прашања. А до колку Владата размислува и може со еден амандман да интервенира преку кој членот 156 може да се примени во некој правилник на тие парламенти на универзитети, со што ќе им се уредат внатре нивниот статус и нивната дејност како студентски парламенти, тогаш би било сосема во ред. Мислам дека студентите се

иднината на нашата држава и општество и треба да се прифати од нивните предлози. Треба и Владата и ние сите пратеници, без оглед на нашата политичка провиненција, како претставници во ова Собрание да седнеме и да расправаме и да седнеме и да видиме како да ги надминеме овие прашања.

Јас имам предлог да се прекине седницата за кратко време и да седне заменик министерот, или министерот, без оглед кој, да ги преиспитаме амандманите, што може да се вгради од амандманите во овој закон и потоа да прекинеме со овие расправи и нависитна и студентите да бидат задоволни, но исто така и Владата да биде задоволна и законот нема да биде преобременет и ќе имаме компромис или пооптимално и поприфатливо решение и за студентите и за извршната власт, но и за Собранието на Република Македонија.

Овој е мојот предлог господине потпретседателе. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Незири.

Реплика има господинот Николовски. Не, збор.

Со оглед на одговорот од страна на министерот во поглед на предлогот, продолжуваме со работа.

За збор се јави госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам почитувани присутни, и јас мислам дека е оправдано да се нарпави компромис во однос на овој амандман. Се знае дека со членот 156 се овозможува учеството на студентите во управувањето, односно со афтономијата на Универзитетот и студентите преку различни форми на само организирање и други форми, можат да учествуваат во управувањето, меѓутоа, соовој амандман затоа што е многу воопштен, би било добро да се интервенира и на некој начин преку амандманот кој што е предложен, каде што се детализираат и попрцизно се утврдуваат обврските преку законот, обврските кои што треба да се извршат во однос на студентите, затоа што реакцијата на студентите не е неоправдана. Од нивното негативно искуство тие интервенираат преку петиција и не сакаат и не треба да се занемари нивната волја, затоа што не емал број, туку напротив тој е значителен број кој што реагирал и е добро да се земе предвид оваа нивна реакција и да се интервенира со овој амандман и како што рече мојот коелга и јас исто така предлагам да се направи некој договор, да се уреди овој член, да се прецизира преку законот, затоа што може да се злоупотреби. Самите студенти ја покажале нивната недоверба кон статусот кој што може да им го определи Универзитетот. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Јакупи.

Збор има господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе,

До колку ми дозволите и до колку се согласат колегите рпатеници, би сакал да позборувам за низа амандмани, не го знам точно бројот, кој што се поврзани со оваа проблематика, ако не е проблем, да се јавам посебно по другите амандмани, ако е во ред. Значи, сега зборуваме за членот 49, понатаму има амандмани на членот 50, 51, 56 и 59. Би сакал да го кажам мислењето затоа што тоа е таа тематика и да не се јавувам повторно и да не ја оптоварувам дискусијата. Значи, дискусијата која што се отвори денес е многу плодна, односно се работи, ќе се согласам со колегата Јани Макрадули, рушење на последниот симбол на социјализмот, или условно последниот симбол на социјализмот во Република Македонија. Практично е последната иснтитуција која што нема плурализам во Република Македонија. Апсолутнос е согласувам дека треба да најдеме начин да ги реформираме сојузите на студентите, затоа што секој универзитет има свој сојуз на студенти. И апсолутно сметам дека улогата која што сега ја имаат сојузите е под нивото кое што треба да го имаат, односно сметам дека не се толку влијателни колку би требало да бидат влијателни, односно колку што би треабло да ги претставуват студентите, што е проблем и на перцепција, но и проблем на мали лидершипови. За жал, во моментот и порано лидершипот можеше да биде многу, многу подобар на овие организации.

Зошто мислам дека не треба да ги усвоиме сите овие амандмани. Ќе ги поделам причините на два дела. Првиот дел е концепциски. Значи, ако се согласуваме да има студентски парламент, тоа е иницијатива која што јас како претседател на Унијата на млади сили, Илија Димовски како потпретседател на Унијата на млади сили, ја промовиравме уште кога бевме во опозиција, и сметам дека треба да се случи, но не треба да се случи во овој закон и ќе ви кажам зошто.

Сметам дека во Законот за високо образование не треба да се уредува ништо повеќе од ова што е уредено сега. Дури и н аова имам мали забелешки, но генерално сметам дека не треба да се уредува ништо повеќе како што е уредено во член 156 од две едноставни причини.

Првата причина е да не го оптоваруваме дополнително законот. По мене, ова се премалку амандмани. Треба да имаме многу повеќе амандмани што би го уредиле студентското организирање, односно студентскиот парламент.

Втората причина, е што треба да се донесе, ова ќе гокажам јавно и отворено, посебен закон за студентски парламент односно за студентско организирање, кој што ќе ги регулира односите на студентите, начинот на избор на нивни претставници, начинот на изборот на претставници во соодветните тела на факултетите на високообразовните установи и на универзитетите и начинот на кој што тие ќе се финансираат, како ќе ја обезбедиме нивната

независност и како ќе се избираат. Сметам дека тоа треба да е посебна законска материја.

Втората причина поради која што не се согласувам да ги усвоиме овие амандмани е тоа што не се согласувам со дел од амандманите и сметам дека се решенија кои се влечени паушално односно решенија кои што немаат реална основа.

Имено, начинот на кој се направени овие амандмани, тоа го кажаа и колегите пратеници, се прекопирани, односно тоа се истите амандмани кои што едно Здружение на граѓани ги предлагаше, кое што е финансирано од Институтот отворено општество Македонија, за да го работи овој проект кој што го работи и тука не би сакал да навлегувам во односите кои што ги имаат господинот Милчин со Универзитетот, како тој се чувствува како непризнат како интелектуалец од страна на Скопскиот универзитет и дали ова Здружение не му служеше како маша во изминатиот период. Тоа ќе го оставам на страна. Има многу здруженија на граѓани, има легитимни интереси кои што ги бранат, имаат донатори кои што ги донираат и за кои што спроведуваат проекти, така што тоа е нивна легитимна работа да ја направат и немам ништо против тоа што го направиле, можат да го прават и треба да продолжат да го прават. Но не се согласувам, заради тоа што сметам дека предлозите се популистички невозможни. На пример, во амандманот 6, членот 50, вели, членот 50 ставот 1 се менув аи гласи: "органи на Универзитетот се универзитетски Сенат, универзитетски Совет, ректор, ректорска управа и студентскиот парламент". Значи, практично студентскиот парламент треба да стане орган на Универзитетот.

Втора работа, се предлага бројот на претставници на студенти да не може да биде помалку од 20% на вкупниот број на членови на ректорската управа. Понатаму се предлага кои надлежности би ги имал студентскиот парламент во членот 59-б и тука не се согласувам со се што е наброено. Мислам дека треба да има други. Потоа, вели: "изборите за студентскиот парламент се спроведуваат секоја година во април според пропорционалниот систем..."

Сметам дека треба да се одвиваат на две или на три години, а не на една година. Или на пример бројот на претставници од студентите не може да биде помал од 15% од вкупниот број на наставно научниот совет. Така што, мислам дека треба да направиме една поинаква дискусија, треба да донесеме нов закон, кој што закон прво ќе влезе во јавна расправа. Тука треба да помине и во две фази, да го види стручната јавност, да го видат претставниците на студентите и уште повеќе сметам дека сеуште законски легитимни релевантни претставници на студентите се постојните сојузи на студентите на "Свети Кирил и Методиј" на "Свети Климент Охридски" на "Гоце Делчев" на Тетовскиот универзитет и т.н. и сметам дека за ваквокрупно прашање треба да бидат прашани, заради тоа што тоа се органи и раководства кои што се легитимно избрани од студентите и кои што ги претставуваат студентите, со тоа што можеме повторно да зборуваме околу тоа дали треба така да продолжат да функционираат, но во моментот се тие и треба да бидат прашани.

Уштее дна работа, која што мислам дека овде не се уредува и која што сериозно треба да ја разгледаме е силно тело, односно силен студентски лидер, кој што би требало да ги претставува студентите. Имено, мислам дека треба сите студенти на сите високообразовни институции да се обединуваат во едно тело, да се обединуваат во еден претставник кој што ќе го избира или студентскиот парламент, или ќе има таканаречена студентска влада, која што ќе има свој претседател, кој што ќе ги претставува сите студенти што студираат во Република Македонија, за да не се доведеме во ситуација,од другата страна Владата да нема ниту партнер, ниту сопарник кога се работи за студентските проблеми. Тука треба да се уреди, како ќе се организираат студентите на приватните високообразовни исnтитуции. Да видиме дали ќе биде паритетен начинот на организирање, дали ќе има два студентски парламенти, дали ќе има еден, кој што ќе ги обединува сите, која ќе биде улогата на едниот или на другиот. Сето ова го нафрлам како десетици прашања кои што постојат, кои што се разговарани, за кои што нема консензус помеѓу студентите каде што овде се обидовме да создадеме претстава со 11 илјади потписи кои што биле собрани, во кој јас не се сомневам, но повторувам треба, покрај Младинскиот образован форум, да се праша Сојузот на студенти на "Свети Кирил и Методиј"во Скопје, на "Свети Климент Охридски"во Битола, на "Гоце Делчев" во Штип и на Тетовскиот универзитет, треба да се прашаат сојузите на студенти на приватните универзитети кои што постојат и треба сите овие забелешки да се разгледаат. Затоа сметам дека амандманите треба да почекаат. Да ставиме во процедур анов закон, дали ќе го обработи Министерството за образование и наука, дали ние ќе го обработиме заенички тука, да помине во две фази и еднаш засекогаш го затвориме прашањето, заради тоа што чувствувам дека сега ќе создадеме килаво дете кое што сега ќе го породиме, дури и пред седмиот месец, до колку вака ги решиме овие рпашања кои што сакаме да ги решаваме.

Компаративни искуства има многу Има во Словенија, во Германија дури и Грција ги има и треба да ги видиме. Дали идеолошки ќе ги ориентираме студентските организации, дали ќе има приврзоци на политичките партии, кои што ќе ги претставуваат студентите многу легитимно и да речеме Цедеус има своја студентска организација, Неја Демократија во Грција има своја студентска организација, Пасок исто така и да не ги набројувам, или ќе одиме на деполитизација и т.н. Сит еовие се рпашања кои

што треба да ги разгледаме, да ги договориме, да ги одговориме во еден нов законски акт кој што нема да е поврзан со Законот за високо образование. Би бил прилагоден на него. До колку е потребно можеме мали измени да направиме во овој закон и практично да имаме два закона кои што потоа можеме да ги кодифицираме во Законот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николовски.

Сакам да проверам само дали освен господинот Герамитчиоски има и друг за реплика. Вие двајцата, добро.

Повелете господине Герамитчиоски имате три минути реплика.

**Тале Герамитчиоски:** Првоја користам оваа прилика д аму се извинам на мојот колега Лазарев заменик министер, бидјеки му ветивме дека експедитивно ќе ги поминеме овие амандмани, но вашите претставници од мнозинството, без да имаат некаков осет дека еден часовде се расправавме за ова нешто, јас барем мислев дека колегата гледал од мониторот таму што овде дебатираме еден час. Наеднаш по еден час дојде тука и на говорница гокажа сето тоа кое што го дебатираме овде еден час и постигнавме некој консензус дека треба или нов закон за студентско организирање да донесеме, или пак нешто друго да направиме од кое што студентите ќе бидат задоволни, ќе се избегне онаа стара шема на организирање, ќе се воведе студентски плурализам, а наеднаш, значи сето падна во вода, а токму мислевме дека добро ни оди работата. Јас се извинувам, ама што да правиме.

Ако употребувате овде имиња колега Николовски, значи, Владимир Милчин и други, злоупотреба на студентите во тие, да ве потсетам, јас еднаш сум ве примал вас како лидер на Унијата на средношколци, а вие сте биел Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ. Сега, како тогаш во тоа време настапувавте, од политички аспект, или ги застапувавте интересите на учениците. Значи, Унијата на средношколци ја предводевте, или ВМРО-ДПМНЕ. Тогаш не ми било јасно, а сум дебатирал со вас, на широко сме постигнувале некој консензус и наеднаш сега, значи тогаш сте имале друг аршин, а сега, овде од оваа говорница спомнувате невладини организации, здуженија, кои под плаштот на филантропијата ги користат студентите за овие цели, за оние цели. Не е коретктно. Треба секогаш да се потсетите на минатото како било. Не може да имате двоен аршин во животот. Или вака или онака. А ова што го кажавте, внимателно ве слушав сега иако дебатиравте по повеќе членови на законот. Ние за тоа се договоривме да не дебатираме воопшто за сите.

Се откажав јас, бидејќи сум предлагач, дека се тоа мои закони, кажав дека се од студентите и рековме кога ќе дојдат на усвојување сите други, само ќе се јавиме и ќе кажеме ова е од студентите, да не испадне дека сме узурпирале нечие право. Тоа е од студентите и така ќе зборувам. Кога ќе дојде амандманот само ќе кажеме ова е предлог на студентите, па ваша волја е дали ќе гоприфатите или не.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Една минута контра реплика за господинот Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Во интерес на вистината, има стенографски белешки, тука вредните госпоѓи запишуваат се, така што ќе може да се види.

Јас не реков дека фондацијата - Отворено општество некого злоупотребува. Јас кажав кого они донираат и кого финансираат и кажав дека секое здружение на граѓани легитимно остварува свои цели. Тука нема ништо лошо. Екологистите остваруваат цели за зелен парк, студентите остваруваат цели за подобри услови за студентите.

Ако веќе заката да ја чепката мојата политичка биографија, јас бев претседателна Средношколска Унија од 2000 до 2002 година и сум многу горд на генерацијата која ја предводен, една многу смела генерација која тогаш застана против селошо што се случува во општеството. Член на ВМРО ДПМНЕ станав во 2003 година, а претседател на Унија на млади сили на ВМРО ДПМНЕ бев од 2004 до 2008 година, така што во моментот кога сте разговарале со мене јас не сум бил член на Унија на млади сили на ВМРО ДПМНЕ. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господин Николовски.

За реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колега Николовски, токму за ваква дискусија апсолутно немате личен легитимитет и ќе ви кажам зошто.

Вашиот метеорски политички успех во ВМРО ДПМНЕ вие го потстигнавте токму во облека на божем независен претседател на средношколска унија. Токму тоа беше вашата заслуга кога протестиравте за се и сешто и од ВМРО ДПМНЕ бевте наградени со претседател на Млади сили.

Но, кога говорите околу зруженијата на граѓаните и нивната, условно речена независност или политичка независнот, вие од оваа говорница ветивте дека заедно сите ќе застанеме за предлогот за граѓанската платформа на Република Македонија која сака, инсистира и само со свои средства изработи сериозен европски закон. Во тој закон, да ве потсетам, самите невладини организации инсистираат на законски одредби кои ќе овозможат практична политичка независнот, бидејќи го уредуваат начинот на финансирање. Нема подобар основ да бидете политички независен, ако самите финансирате. Вие бевте против тоа и вие бевте

против концептот на јавен интерес. Од мај 2007 година поминаа месеци, ни трага ни глас од тој закон.Немате легитимитет екс претседателе на средношколска унија да гласате против овој амандман кој обезбедува значително присуство на студентите, во ректорската управа право на глас но и право да се здружуваат и да се конектирани помеѓу сите универзитети. Концептот на тотална партизација и поделба врз политичка основа го направи ВМРО ДПМНЕ и Владата на Груевски. Штипскиот му припадна во поделбата на ВМРО ДПМНЕ, Тетовскиот на вашите коалициони партнери од ДПА и се разбира Битолскиот на вашите коалициони партнери од НСДП. Тоа вие го направивте.

Околу овој амандман, покажете сега сериозна зрелост, бидејќи бевте еднаш претставник на тие младинци. Затоа очекувам од вас, не да говорите за политичка зависнот или независност, туку заедно ве повикувам јас и вие да го поставиме повторно на дневен ред Предлогот на закон за здруженија на граѓани и фондации, европски закон, за Македонија навистина да добие независна сфера во општественото живеење.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓа Бендевска.

Една минута контра реплика за господинот Николоски, повелете.

**Александар Николовски:** Очигледно колешката сакаше повторно да се занимава со мене, јас нема да го коментирам тоа, ниту сакам да се коментирам себе си, само би кажал една работа во однос на она што го отворивте за здружението на граѓани и фондации. Апсолутно се согласувам дека треба да се донесе нов закон и таков закон ќе има, Министерството за правда ќе си го поднесе, тој е влезен во роковникот за она што се вика усогласување на правото за Европската унија, ќе го дебатираме тука, се надевам дека ќе најдеме консензус и ќе го изгласаме.

По однос на тоа што сакавте да манипулирате со моето одење на средношколците, јас ќе повторам дека сум апсолутно горд на момците и девојките кои сега имаат 24 и 25 години, а кои беа смели во периодот од 2000 до 2002 година да застанат на многу отворени прашања во Република Македонија и сум особено среќен што мене ми ја дадоа довербата тогаш да ги претставувам. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули имате три минути реплика.

**Јани Макрадули:** Чудно е, заправо можеби и не е чудно кога луѓето студентскиот живот го заменуваат или се трансформираат во облека и овде во Парламентот да заборават на интересите и на барањата на студентите.

Ако некој се обидува да минимизира 11 илјади потписи од студентите или да го образложи тоа дека за тоа се потребни некои други закони, мислам дека е апсолутно непотребно и тоа да го прават оние најмладите што се тука во Собранието, што по нивно тврдење за две години од член на ВМРО ДПМНЕ станал пратеник. Зоран Петровски снајперот јас го знам 17 години беше член на ВМРО ДПМНЕ, па стана пратеник. Има луѓе по 20 години што се во ВМРО ДПМНЕ и на улица се, ништо не станаа, ама вакви со две години станаа пратеници и ги заборавија тие со кои до вчера седеа во клупа со нив, а тоа се студентите. Затоа не можам да го разберам господинот Николовски тој сега да биде против 11 илјади потписи на студентите што се потпишани овде.

Уште еднаш ќе повторам, јас не можам да разберам какво е тоа обременување на закон. Ако се 15 амандмани обременување, дали има некоја мерка која вика 15 се обременување, 7 се полуобременување на закон, или Владата со Законот за енергетика, да повторам, на 38 члена дава 38 амандмани. Што се вика тоа, претерано обременување, или се вика корупција и криминална страна на Владата.

Имам и уште една забелешка можеби и до вас потпретседателе. Имено, кога се спомнуваат други имиња се обидуваме тоа да биде во некоја разумна мерка овде.

Господинот Николовски ако не знае во каков однос е Милчин со универзитетот, да му кажам дека е професор на Универзитетот Св. Кирил и Методиј на драмскиот факултет и таму предава. Таков е неговиот однос. Сега, како Николовски го перцепира господинот Милчин, тоа е веќе друга работа, но тоа не треба да биде тема на оваа расправа овде. Да го почитуваме младинскикот обраовен форум. Навистина не можам да разберам да ги критикува нив и да ги става под нечија капа човек кој веројатно ги има истите барања како и ние сите тука што сме за студентски плурализам кој, да потсетам, овој амандман се однесува само на тоа што со Законот е дадено, студентски плурализам на универзитетот или парламент на универзиетот, дас постои мрежа од 4-те државни или приватни што ќе се формира некој интеруниверзитетски студентски плурализам и ништо друго. Ве молам да останеме на амандманот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

Една минута контра реплика за господино Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Разликата помеѓу мене и говорниците од СДСМ е тоа што јас сакам целосно, концепциско и изградено решение кое нема, ќе повторам, да е килаво и кое ќе нема потреба да го доработуваме понатаму. Сметам дека тоа не е тоа решение, сметам дека има недостатоци, ги кажав, има делови од амандманите со кои не се согласувам и затоа не можам да го поддржам.

Сметам дека треба да имаме нов закон кој ќе се донсе во две фази, кој ќе го разгледаат релевантните организации кои ги претставуваат студентите и во широката јавност и ќе го усвои заедно.

Дури сега после третата реполика сфаќам зошто толку сакаат да се занимаваат со мојата биографија. Тоа е заради тоа што го спомнав господинот Милчин, член на раководството на СДСМ кој преку здруженијата на граѓани направи една кампања која се вика - Доста е, со која ВМРО ДПМНЕ падна од власт и заради која не можат тие да му опростат и секогаш така наречени независни интелектуалци преку здруженија на граѓани да ги бранат нивните ставови за после тие да ни кажуваат тука вака не стои, демек тоа не го кажува СДСМ, го кажува здружението на граѓани.

**Благој ЗАшов:** Благодарам.

За збор се јави господинот Герамитчиоски, предлагач на законот, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Очигледно тоа така не може да помине. Пресериозна стана дебатата. Ако е веќе така тогаш со аргументи да видиме за што станува збор, за сите членови кои се предложени.

Јас би сакал тројцата претставници да го слушаат ова.

Со постојниот предлог на закон управувањето на студентите односно учеството на студетите во управувањето со универзитетот е решено во член 156. Само во тој член е и вели - студентите учествуваат со студентски парламент, интеруниверзитетски парламентите и тн. и пишува - преку форми на само организирање и на друг начин, според условите утврдени со закон и статутот на високо образовната дејност. Во овој закон само овој член кажува за управувањето.

Второ, со статутот на универзитетот, односно на високо образовната установа, од тоа се плашат студентите, нивната форма на организирање на биде решена со статут на факултетот односно на универзитетот. Тука е проблемот. Поради тиа причини се повеќе сум убеден, заради сериозноста за прашањето кое го покренале сите министри потписници на Болоњската декларација, на министерската конференција во Берген, преку нивното коминике дека треба да муу се даде исклучително важно начење на учеството во управувањето на студентите. Тогаш, без разлика колку е обременет овој закон со нови членови, треба сега сериозно да разлгедуваме член по член. Тука има некои дискутабилни предлози за кои се согласувам навистина дали е тоа така. Но, овој амандман на членот за кој зборуваме не е таков, само е обемен, само го зголемува законот, обемот на законот, а не го тангира. Тука појаснува што е интеруниверзитетски парламент и што се студентски парламенти. Ако го нема овој член во законот, ако не го изгласаме амандманот во што јас не се сомневам дека така ќе биде, мнозинството е во ваши раце, како што ќе се убедите така ќе биде.

Има некои позитивни најави, после дебати и убедувања, има позитивни трендови на прифаќање што е за поздравување. Сите ние сакаме поквалитетен закон. Но ако не го прифатиме овој амандман, членот 156 го негира самиот закон. Вели: - начинот на организирање, коклега Александар тоа што го кажавте како ќе биде организирањето, во какви форми, начиот и избирањето, финансирањето и сите тие работи не се решени во законот. Отвораат можност, го стеснуваат просторот да се реши еден дел со статут на Универзитетот. Но, ако се се остави да се реши со статут на универзиетот, тогаш универзитетот нема да чувствува никаква потреба и да започне реформа во студентското организирање. Тоа е една форма на паралелна институција во рамките на универзиетот која, искрено кажано не ја симпатизираат управувачките органи, ниту деканите, ниту ректорите.Едноставно се е декалративно за заложба на соработка со студентите, ама не многу да им се мешаат во работењето, во управувањето со факултетот односно универзиетот. Сега ние имаме ли волја да ја отвориме портата на влез на студентите, навистина во процесот на управување со унвиерзитетот, многу декларативно е наведено тоа во наредните членови.

Веќе кога Николовски си зеде право, да го погледнете амандманот на член 51 во кој се менува составот на Сенатот во кој предвидуваат и поинаков начин на партиципација студентите во унвиерзитетскиот Сенат, начинот на одлучување. Тогаш, јас сега го сменив ставот, за кој претходно се согласив дека може да се обремени законот, но овде овие одредби мора да стојат во овој закон и нека има паралелно и закон за студентско организирање.Таа треба да постои и час поскоро треба да го направиме, но и тоа треба да стои во овој закон, бидејќи од многу обременување станало ептен сиромашно, само член 156 во кој се повикува на овој закон, а овој закон никаде на друго место не ги третира и статут на високо образовната установа, дури не е ни на универзитетот, туку на факултетите. Многу опасен преседан на повторно враќање на сатарото. При формирање на статутот на факултетот, се знае какви се интереси застапуваат. Оној кој го правел кој е член на таа заедница тоа многу добро го знае, да не отворам дебати, да не се правам паметен пред јавноста,но тоа е една специфика каде студентите повторно ќе се минимизираат, Ве уверувам, мора да стои нивното учество во закон.

Почитуван заменик министер сега кај мене се јавува дилема, ако ги отфрлите овие амандмани, како при некоја експертиза на овој закон во Советот на Европа, ќе биде дадено зелено светло на усогласување со заложбите за Болоњската декалрација, најновите коминикеа во делот на управувањето или поголемо право на студентот и негово учество во високо образовните процеси, вклучувајќи го и управувањето. Значи гледајте го тоа и од друг аспект не само од овој.

Да заклучам. Навистина не сакав да земам збор, се рашири оваа дебата, но сфатете, треба да се направи нов закон за студентско организирање во кои ќе се дефинира комплетно целиот процес и конечно да излеземе од зачмаеноста на оној стар несовршен систем на монополизам во студентското организирање. И конечно студентот да го добие тоа чувство, секоја единка, дека навитина е дел од универзиетот. Но, овие амандмани, не сите, јас ќе посочам кои претерале, а кои навистина заслужуваат место. Овој амандман е тој кој заслужува место како дел од законот, за да се дефинира интеруниверзитетски парламент, и универзитетски парламент. Го изгубивме тоа во поимникот, но овде може, да се види кои права ќе ги имаат, по два члена во ректорскиот совет, без право на глас. Самите се свесни за тоа. Пишува, интеруниверзитетски парламент ќе избере два члена од своите редови кои ќе бидат претставници во ректорскиот совет на јавните универзитети, без право на глас, но да знаат што се случува. Студентски програми се носат во нивно име, се обременува наставата постојано, професорите трчаат по нови предмеети и по часови, да бидат обезбедени со часови, се на грбот на студентот кој добива се повеќе и повеќе предмети. Барем да имаат право да дебатираат таму. Размислете, ако имате некое влијание. Еве тоа е од сите нас, од технички околности јас сум ги предложил овие амандмани, бидејќи ако не ги предложев немаше ни да дебатираме овде, немаше да ја видат светлоста. Само така тоа сфатете го.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Пред да продолжиме јас би сакал да потсетам дека станува збор за предлог на закон со европски предзнак и дека до сега само за овој амандман потрошивме еден час и 25 минути, без да давам некоја сугестија, но самата констатација е дека се рашири оваа дебата. Прашањето заслужува внимание, но би молел да се имаат предвид овие констатации што претходно ги дадов за да можеме да ја привршиме со дискусијата околу овој амандман.

**Благој Зашов:** Повелете господине Димовски.

**Илија Димовски:** Јас мислав дека се разбравме, меѓутоа очигледно господине Герамитчиоски не сме се разбрале.

Дел од овие амандмани кои што ги имате потпишано вие денеска, беа потпишани од мене пред два месеци, кога првиот пат влезе во процедура овој закон. И тука нема спор. Меѓутоа се согалсуваме дека воопшто со тие амандмани потпишани од страна ваша, нема да бидат решени сите работи на начин на кој што сакате да ги направите. Мораме да бидеме искрени и вие и ние. Да признаеме дека прв пат воведуваме плурализација, дека прва пат со закон се регулира и се гарантира учеството на студентите во управувачките органи. Тоа го имате разбиено во многу членови, не ме терајте сега да ги вадам членовите и да читам. Во тој и тој орган, толку и толку проценти, најмалку двајца, најмалку тројца мора да бидат од студентските организации. Значи влегуваме повторно во политизација, работа која што најмалку од вас како пратеник ја очекував.

Значи, да повториме. Концептот е тој. За жал до сега никој не го прифатил, до сега. Прв пат Владата предлага таков концепт. Јас ја разбирам и вашата желба, и нашата желба да изградиме една специјализација и да ги додефинираме работите. Меѓутоа, нема начин во овој закон да го направиме тоа. Ќе треба да го прекрстиме законот од Закон за високо образование, во закон за високо образование и студентско организирање. Иако и сами констатиравте дека и сите амандмани да бидат прифатени нема да ги додефинираме работите. Од моја страна сакам да повторам. Дека ние стоиме на располагање, и апсолутно ако треба и ние ќе ја поведеме иницијативата, не е ништо страшно. Ова е работа што требала да се случи пред два мандати, пред три мандати, да се додефинираат работите и да почнеме на сериозен начин да ги повикаме сите луѓе кои што се заинтересирани и Младинскиот образовен форум, и сојузите на студенти на матични факултети, сојузите на студенти на Штулов, на Тетовски, на Битолски на Скопски факултет на Штипски факултет, да отвориме една обемна расправа, која што се надевам нема да трае долго и ќе дојдеме до тој концепт на финално регулирање. Битно е, јас благодарам и на заменик министерот и на целото Министерство што воведуваат плурализација .

Господа, ние 17 години во Република Македонија имавме монопол во студентското организирање. Мислам дека се разбираме апсолутно. Значи, апсолутно не ја сваќам поентата на продлжување и во влечење на целава дискусија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Димовски.

Контра реплика господинот Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски**: Што благодарите колега, кога во сите верзии претходни мораше да има ваков член. Ви потенцирав зошто. Без разлика кој беше на власт, мора да се внесе законска норматива која што обезбедува учество на студентите во управување на Универзитетот и крај. Не е тоа решение нити на сегашната гарнитура, експертски тим кој работеше претходно на оваа проблематика, мораше да изврши хармонизација на легислативата со европските препораки и коминикеа. И сега немојте да ми кажувате нешто, да благодариме за нешто кое што претходно има подлога и мора да се вгради.

**Благој Зашов:** Благодарам.

За реплика се јави господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани претставници од

Министерството за образование, почитувани колеги,

Сметам оти не е бесцелно изгубена оваа денес енергија околу овој член, иако сметам дека треба да биде само еден како шлагфорд за утрешната расправа за суштинското учество на студентите во управувањето. Ова сепак по малку го сметам како своластичко прашање, затоа што се наоѓаме во позиција кој повеќе ги милува студентите. Со амандманот тие имаат формално-правно присуство или сттус на англиска кралица во еден сеуште непсотоечки ректорски совет.

Суштински промени во студентското управување ги сметам, а имаме такви пракси во земји што се веќе во преговори со Европската унија, во Европската комисија кои што ги почитуваат студентските декалрации од Гетеборг 2001 и Конференцијата во Саламанка 2001 година.

Студентите имаа многу силен инструмент во управувањето, а не само формално-правно присуство во ректорскиот совет. Ќе ви кажам конкретен пример и затоа сметам дека тоа е добар шлакфорд за утрешните амандмани, па и од Младинскиот образовен форум.

Студентите во одредени земји со закон имаат право на суспензивно вето во Универзитетскиот Сенат. Знаете ли која моќ е тоа. Ако се одлучува посебно за содржината на студиите, за промена на програмите, на наставните програми, за осигурувањето на квалитетот на студиите, за стандардот на студентите, во тој случај претставниците во кои што постои посебна квалификација, процент на редовни студенти, процент на вонредни, процент на постдипломски студии и затоа сметам дека дел од колегите се во право кога инсистираат на тоа, затоа што добро би дошол еден така проектиран закон за студентското организирање во догледно време.

Со таа моќ за суспензивно вето наставничкиот Сенат мора да го прекине одлучувањето по таа тема и на првата следна да закаже расправа по одредена тема. Затоа сметам дека суштинското во студентското управување се крие кој што идат и оваа изгубена енергија денес сметам дека би била корисна да ја употребиме во утрешните разгледувања на амандманот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Шутаров.

За збор се јави пратеникот Игор Ивановски.

Повелете господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Веднаш на почетокот да не го прифатам вашиот пристап дека треба на штоперица некој да ни мери колку време ќе разговараме за овој амандман. Верувам дека немавте намера, но дозволете да не ги мерите тежината на дебатите и амандманите врз база на тоа колку се разговара или не се разговара. Ако треба ќе се разговара подолго време во обидот да се најде заедничко решение. Тоа е првата работа.

Втората работа е, апсолутно не можам да прифатам теза која што ја слушам прв пат дека прифаќање дискусија на амандмани, во овој случај ми се чини 15 на закон кој што има од приликаоколу 90 или 120 члена, значи тоа обременување на текст. Тоа апсолутно не е точно и процентуално е помалку од 10%.

Второ, ова Собрание пред неколку месеци донесе Закон за заштита од радијациско зрачење кој што беше во 60% видоизменет во својата првично предложена верзија со амандманите на опозицијата. По таа логика тоа не е веќе ни закон, бидјеки тој до тој степен е изменет од страна на предлагачот да апсолутно треба да се врати на повторно пишување.

Третата работа што покажува оваа дебата попладнево е дека јавната дебата не била и вистинска јавна дебата, бидјеки тезата дека ставовите искажани од Младинскиот образовен форум биле слушната и биле земени во предвид, а притоа не биле процесуирани во соодветен текст на законот покажува дека или некој од Министерството за образование не ја слушнал таа јавна дебата, или пак не сакал, на крајот на краиштата да ја слушне, бидејки од целокупната материја која што тие ја предлагаат апсолутно не е пренесена никакви проценти. Барем д аимаше нешто кое што ќе биде основата на кое што ќе се надоградува понатаму да размислиме, но она кое што сега го имаме како факт е дека цел корпус на прашања не е разрешен. Во ова Собрание има пратеници кои што сеуште се студенти и тоа апсолутно не го земам како хендикеп. Во ова Собрание сите ние во различен временски период сме биле студенти. Во ова Собрание вие почитувани колеги пратеници кои што ја имате таа чест заради годините имате и деца на факултетите. Сите имаме повеќе или помалку роднини, пријатели и апсолутно оваа материја не треба да се сведе како на техничка дебата во однос на тоа дали господинот Герамитчиоски дал амандман или не и тој априори треба да се одбие бидјеки владеачкото мнозинство треба да го штити концептот што го предложило Министерството за образование.

Не, и јас исто така сум приврзаник на тезата која што беше искажана изминативе денови, за која што ќе говорам најмногу во општата расправа дека ова Министерството за образование , во овој состав, на чело со овој министер нема полн политички капацитет и легитимитет да го предлага овој закон. Законот за високото образование е Библијата или Куранот за регулирање на односите во образованието. Раководството кое што ни го рпедлага нема да биде веќе раководство можеби на крајот на оваа недела или на почетокот на следната. И апсолутно тоа во политиката е доволен критериум за да се оспори нелегалитетот кој е присутен и постои, никој не го оспорува, туку легитимитетот на законските решенија кои што ние ги предлагаме.

Конечно, доаѓаме до една материја која што во изминативе 17 години, најмногу двете политички најголеми партии во македонскиот блок, СДСМ и

ВМРО-ДПМНЕ ја тангирале, но и различно ја злоупотребувале. И јас во одреден временски период сум искажувал лични ставови кои што до ден денеска не ми се променети и коренспондираат комплетно со она што го бараат членовите на Младинскиот образовен форум. Тоа е дека Република Македонија треба не фиктивна , туку вистинска, непонатамошна туку неопходна плурализација на студентското движење.

Чинам дека во регионот, се извинувам ако грешам, не знам како е на Косово и во Црна Гора, мислам дека во регионот Македонија е последната држава коај сеуште го нема реформирано сопственото студентско организирање и движење во однос на системот кој што владееше до 1990 година. Први тоа го направија Словенците, втори го направија Хрватите, трети го направија во Србија, Македонија остана последниот последниот бастион кој што сеуште ги практикува истите механизми.

Притоа не ни мислам да констатирам дека заради системот ни се случуваат овие ситуации кои што ги имаме сега. Не, луѓето го злоупотребуваат системот и решенијата во него и не за попусто моите колеги пратеници искажуваат практични примери што ни се случија во историјата на макеоднското студентско двиежење. И тука се прави најголемата грешка. Сите велат во студентското движење има политика. Јас за то ане гледам ништо лошо, бидејки политиката е политиката на студентите, но она што е лошо е што се инструира политиката на партиите во студентското движење и обратно, имавме инфилтрирање за студентската политика во партиското живеење во Република Македонија. За тоа имаме многубројни примери. Да ве потсетиме дека никој во оваа држава, иако тоа не можам емпириски да го докажам можеби немаше да знае за Филип Петровски ако не беа студентските протести 1997 година. Јас сум убеден во една работа. Никогаш Антонио Милошоски немаше да стане министер за надворешни работи да не беа студентските протести 1997 година. Тие луѓе не беа случајни. Тие луѓе беа членови на ВМРО-ДПМНЕ, што никој во тој момент не им го оспоруваше, бидејки како студенти имаа апсолутно право да членуваат во било која политичка партија за која тие ќе се определат. Тоа е демократијата. Но, кога настана проблемот? Проблемот настана не во оној момент кога тие како членови на ВМРО-ДПМНЕ се обидуваа да ја инсталираат политиката на ВМРО во студентското движење, за што исто така нема проблем бидејки тогаш ќе разговараме на идеолошки основи и спротивставености, но во оној момент кога политичката определба на партијата ВМРО-ДПМНЕ да бојкотира проект во 1997 година за видоизмена на Педагошката академија беше одлучено само за тоа што беше Владата на другата политичка партија, во тоа време СДСМ и така настанаа студентските протести во кои што изгоре само официјалнио тпредводник, ако не грешам Мирјана Китаноска,. Само жената никаде ја нема. Овие двајца, Филип Петровски стана идеолошкиот орел на младите од ВМРО-ДПМНЕ за кој што мислам дека во одреден дел и се одредија, и тоа е добро, но оној кој што најмногу профитира прво лично, бидејки стана потпарол на Владата и со државни пари отиде на стипендија во Сојузна Република Германија за да сега се врати како министер и тоа како исклучително неуспешен, но тоа е друга тема, ќе говориме во друг наврат се бог. Тие два случаи покажаа дека апсолутно и тоа како личности сакаа да го злоупотребат студентското движење пред се за свој личен прогрес во кариерата манипулирајки ги гласовите на студентите и

Второ на тој начин партијата која што е во тој степен доминантна, или во тој момент доминанта се обидува да ги насочи условни спрема својата воденица. Тоа треба да се спречи.

И апсолутно е легитимно да постои дел од студентската популација која што ќе размислув акако ВМРО-ДПМНЕ. И тоа е добро, но во исто време и легитимно дел од студентската популација да размислува како некој во СДСМ. Па, ајде да ги спротивставиме тие концепти. Јас не можам да ја сфатам реториката која што ја слушав последниве два до дваипол часа дека се е во ред, и ВМРО-ДПМНЕ се согласува со предлогот, и тие го прифаќаат ама не било време, или не било начин, ќе се обременел законот. Не е точно. Не било време исто така не е точно и

Трето, да се правело со нов закон. Тоа апсолутно е порака до оние кои што се залагаат за оние измени дека не сакате тоа да го направите.

Има ли поголема доверба, или поголемо барање во исто време од 11 илјади потписи. Да ве потсетам дека последните два циклуса на студентските избори вкупно немаа ни 50% од потписите кои што се за оваа иницијатива. Тоа е доволен показател дека студентите одбиваат да учествуваат во постоечкиот облик на злоупотреба на студентското движење. Јас одтприлика насетувам зошто вие ја давате аргументацијата не е врме.

Затоа што на последните студентски избори кои што беа во два круга во одредени преповторувања, заради нерегуларности поведе Самоил Елмалчевски. Актуелниот претседател Самоил Елмалчевски, се извинувам не знам од кој факултет доаѓа, е апсолутно член на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ и во неговито избор директно се имплементираше не партиската инфраструктура, за што сме гледале ситуации и претходно, туку влегоа и МВТ, влегоа и неформални структури кои што беа заштитувани од МВР, па имавме ситуации претседателот на Студентската комисија да биде киднапиран на неколку саати, уште не се знае кој тоа го направил. Сред бел ден, на истата улица, на истото место каде што припадникот на обезбедувањето на Груевски се пресметуваше со

еден свој должник како што вели Гордана Јанкуловска. За тоа нема одговор. Имавме ситуација во Централниот регистер врз база на фалсификат и непостоечки печат да се менува носителот или титуларот на раководната улога во Сојузот на студенти, што е втор проблем со фалсификат, имавме ситуација во која што студентите не беа ставени во ситуација да избираат, туку беа ставени во ситуација да се плашат воопшто да избираат и одлучија да седат дома и да не гласаа. Затоа е толку низок одзиво тна студентските избори.

Сега ког аимаме шанса конечно и тука не можам никого да амнестирам од одговорноста да го решиме тоа прашање се вадиме на ситни, ефтини трикови кои што не палат. Не било време, ќе го обремениме законот. Не е точно. Можеме апсолутно да се договориме и до утре министерството за образование и наука да даде свој предлог, но битно е да го усвоиме концептот дека со овој закон за високо образование дефинитивно ќе важи плурализмот во студентското движење. Па, тогаш Социјал демократската студентска организација ќе се бори за својата програма со ВМРО-ската ли, со десничарската ли, конзервативската ли, како сакате кажете, Либералната, Социјалистичката, Народната и т.н. Не треба никого тој концепт да го плаши. Напротив, треба да го стимулира, затоа што се додека праќате порака, а јас во тоа не сакам да бидам дел, праќате порака до студентите бидете, учете, ама барајте си ја вашата егсистенција преку партиите и на начин како да ги инсталирате партиите во студентските клупи нема да има ниту здраво образование, ниту ќе има сериозен концепт во иднина. Во спротивно ако не се усвои овој амандман, или целиот концепт онаа парола “образованието е моќ” на сите ни е јасна и важи повеќе од 2000 години ќе значи користење на брутална моќ од позиција на власт, од позиција на партија на власт, од позиција на МВР, односно полиција во раководењето со студетските процеси.

Ако ви е скепската или стравот дека со прифаќањето на овој амандман Самоил Малчевски ќе престане да биде претседател на студентското движење тогаш можеме да се договориме за преоден рок и во него да оставиме простор да се регистрираат, да се конституира студентскиот плурализам, па да се излезе на студентски избори, во предлогот на Младинскиот образовен форум во некој разумен временски период. Ама не може оваа ситуација да се држи до недоглед, бидејки ако е идеата само да ги спакува студентските легла во септември оваа година тогаш грешна е логиката. Тоа не ви гарантира победа. Тоа им го кажувам на моите помлади колеги, бидејки тие се најмногу упатени во тоа. И јас сум бил претседател на Социјал демократската младина и знам каде требало нешто да е корегира и програмата на нашата социјал демократска младина била во насока да се воведе студентски плурализам.

Во тој момент не сме успеале, ама затоа се бориме и натаму, не ги заборавaме нашите позиции и се обидуваме истото да го имплементираме сега. Прашање на договор е како најдобро тоа да се направи, бидејки очигледно немаме разлики, барем ако сме искрени до крај во целата таа работа, освен ако немаме лични ветувања спрема икс луѓе. Јас знам една работа која на ВМРО-ДПМНЕ ќе и се врати како бумеранг, за која искуства можеме да најдеме и во минатото, а тоа е дека форсирањето и држењето на Самоил Манчевски во студентското движење ќе ви се врати по глава на вас. Од позиција на опозициона политичка партија можам да бидам “радосен” ако тој продолжи да го организира студентското движење бидејки знам дека на начинот на кој го води ќе предизвика револт кај останатите, тие ќе си ја бараат својата шанса кај другите, а другите сме ние,ама не сакам тоа да биде пристапот.

Затоа ценам дека има апсолутно простор барем околу концептот да се договориме да го ставиме во законот, да се договоримеоколу преодните решенија и рокот кога тоа ќе почне да важи и нормално во еден договор да ги направиме или да ги антиципираме сите грешки кои другите ги правеле. На крајот на краиштата, овој концепт во Шведска постои веќе 30 години и носи бенефит на студентските организации, постои во Германија. Овие организации можат дури да учествуваат и на повисок ранг на избори, политички, не само студентски. Ако сметаме дека младите се најпрогресивни, посебно оние кои се на универзитетите, ајде да им ја дадеме шансата сами да одлучуваат, а не да одлучуваат некои други кои повторно на Педагошката академија ќе ги пуштаат екипите дали се од Кондово или од некое друго место, кои ќе ги кршат кутиите, па на Филозофски факултет ќе го прават истото, па во Медицинар ќе го прават истото, па на други факултети ќе се организираат за да можат да го инсталираат влијанието на партијата, а не на луѓето. На крајот на краиштата, студентите не ни знаат за кого гласаат. И на крајот, имаме деформитетит во студентското движење за кое најлесно е да кренеме раце и да речеме некој друг да го решава, ама сега имаме шанси и никој нема да не амнестира од одговорноста, бидјеки тие 11 илјади кои го ставиле потписот знаат зошто го ставиле. И вие знаете дека тоа е добро, ама треба да се прекршите. Ако треба, и подолго време ќе разговараме за овој концепт, ќе дадеме ако треба можност и Владата сама да интервенира, дека немаме суетен пристап дали Тале Герамитчиоски во име на Младинскиот образовен форум ги дава. Да, бидејки ако не ги дадеше Тале Герамитчиоски, во моментот немаше да разговараме за нив, ќе разговаравме на дебатните емисии, ама не и на оваа говорница на која има шанса нешто да се промени.

Затоа, заменику министер, многу сериозно сватете ја оваа работа. Не е ова прашање на конјуктурно решавање на пробелмот, бидејки проблемот не е од вчера, ама ако не се реши ќе

стане уште поголем. И тогаш на следните избори за “лидер”, бидејќи сите сакаат да се прокламираат себе си за лидери, на Сојузот на студенти нема да ни се случат избори, ќе ни се случи сериозен хаос и студентска војна меѓу мала група на луѓе која ќе мисли дека претендира на довербата на студентите. А излезете надвор од бараките на Сојузот на студенти, секој, ако не секој тогаш секој втор, освен раководството, ќе ви рече не знам зошто плаќам пари за оваа организација, не сакам тоа да го правам, не добивам соодветни услуги, не ми ги штитат моите права и ние дефакто мислиме дека на тој начин образованието ќе го правиме моќ ама во вистинска смисла на зборот.

Да резимирам: Да за политиката на студентското движење, бидејќи тоа е добро, политиката, но не за партиите во студентското движење. Има многу голема разлика меѓу политика и меѓу партиска политика, а ако тоа не го знаеме ќе го утнеме целиот концепт, а мислам дека сега имаме шанса тоа да го разрешиме. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ивановски.

За реплика се јави господин Александар Николоски, повелете.

**Александар Николоски:** Благодарам потпретседателе.

За среќа, имаме многу ставови во кои се согласуваме и ми е драго, заради тоа што една мимикрија која што постоеше во изминатиот период да тврдиме дека политика е само она што се случува во Парламентот ја тргаме и тука се согласувам. Значи сметам - ќе кажам многу отворено - дека треба да има Демохристијанска унија на студенти, Социјалдемократска унија на студенти, Либерално, Социјалистичка и т.н., кои треба да се спротивставуваат и да се борат меѓу себе, за да не се доведуваме во ситуација социјалистичкиот тип на организирање на студентите, кој за жал сеуште постои, да ги доведува студентските лидери да кажуваат слушајте, јас не сум член на ниту една партија и да бегаат од нивнит еполитички определби.

Сакам само да реагирам во однс на еден дел, во однос на обидот да се заменат тезите дкеа ние не сакаме да ги усвоиме амандманите за наводно некој да останел лидер на Сојузот на студентите. Нам ни треба силен сојуз на студенти од многу едноставна причина. Прво, заради тоа што ни треба како партнер на Владата за да ги прави студентските реформи и второ, ВМРО-ДПМНЕ секогаш добива повеќе гласови од помладите и нам ни треба таков студентски сојуз преку кој ние ќе можеме практично да прашуваме што е потребата на студентите, да го решаваме тоа, да имаме не сојузник туку партнер кој што некогаш ќе се спротивставува со цел да го слушаме гласот на студентите кои доминантно гласаат за нас.

Понатаму, не би сакал да одам во коментари за внатрешното уредување на политичките партии и за уредувањето на политичките подмладоци, иако тоа нашироко се говореше, би сакал да кажам само една работа. Имено, прв пат оваа година затоа што електронски се поделија немаше злоупотреба на поделбата на студентски легла, што се правеше години и години наназад од врвни членови на раководството на Социјалдемократската младина и како резултат имаме во моментот, за жал, Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ нема достоен соперник, односно подолго време Социјалдемократската младина нема легитимно раководство, избрано раководство, претседателот е во оставка, се обидуваа да прават некои изборни не не успеаа и практично немаме опонент од другата страна. Не навлегувам зошто е тоа така, но влече последици од периодот кога беа на власт и можеби ќе им се случи на нив една катарза која и нам ни се случуваше, па да можеме да си опонираме на рамноправна основа, иако сакаме многу брзо да ги видиме претседателот на Социјалдемократската младина и Унијата на млади сили да дебатираат за прашањата поврзани со младите и тука да ја затвориме дискусијата.

Повторувам, со многу од ставовите се согласувам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николоски.

Повелете господине Ивановски, имате контра реплика една минута.

**Игор Ивановски:** Господине Николоски, вие веќе не сте претседател на Унијата на млади сили, имате наследник или наследничка, не е битно, но тоа не значи дека само двата подмладока на партиите имаат право да разговараат за ова. Во оваа сала до овој момент не слушнавме никакви разлики околу ова прашање, па тогаш стиснете го зеленото копче, дајте да разговараме за нијанси, за деталите.

Извинете, дали само Манчевски ќе си го оствари својот мандат согласно ветувањата ќе видиме на крајот, јас апсолутно не верувам во тоа. И сакам да верувам дека конечно ќе добијат можеби студентите некој што ги штити нивните права. За време на кампањата повеќе го видов дечкото дека стои тука пред Собранието и чека некој од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ за некакви совети на логистика, на телевизија апсолутно не можам да го видам освен кога еднаш годишно Никола Груевски ќе му треба како подршка за некоја флоскула и на крајот на краиштата, еве, Влатко Ѓорчев е студент, прашајте го него дали само Манчевски му ги штити неговите права. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ивановски.

За реплика се јави господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе.

На крајот од денот се надевам дека мојата реплика нема да предизвика дополнителна дебата и навистина сметам дека од сите можни нишани ја црпиме оваа дискусија, повеќе како дополнување на колегата Ивановски. Да, и Косово и Црна Гора имаат свои закони за високо образование, одредница во коај дефинираат што е тоа студентски парламент. Впрочем дефиницијата на Младинскиот образовен форум, колку што знам, беше дали сакате како студенти да бидете организирани во студентски парламент, во што никој од нас во денешната дискусија не виде ниту нешто лошо, ниту нешто злонамерно.

Каде јас го лоцирам пробелмот? Значи сите сме за студентски парламент. Сите бивши југословенски држави во своите закони за високо образование, некаде и научна дејнсот како во Хрватска, регулираат со неколку законски одредници слични на амандманите што денес ги имаме дека ќе псотои студентски парламент со тие и тие одредници. Во еднос е согласувам, образованието во политиката и политиката во образованието има една линија што ја разграничуваат и ја прават многу опасна. Од кои причини? Со невиден ентузијазам, читајки ги барем форумите на студентските парламенти од поранешните ЈУ простори, со невиден ентузијазам, меѓу кој и политички ентузијазам се конституираме и со тие студентски парламенти.

Меѓутоа, без посебна законска одредница, на која денес меѓу редови така речи јас, колегата Димовски и Николоски инсистираме, значи за посебно законско одредување на студентското здружување останува простор за невидена политизација на студентите, што ќе признаете и не е примарен дел во образованието, и после првичните ентузијастички конституирања на студентските парламенти, моменти во кои преку сите можни начини студентите се обидуваат да го состават, да проработи тој студентски парламент, но за жал без кворум. Вие гледате, ние сме една професионална законодавна највисока институција, па понекогаш маки мачиме со кворумот. Замислете студентски парламент кој што е дефиниран само со три одредници во закон за високо образование, со какви маки можат да се соочуваат, посебно со толку мала законска рамка.

Затоа, сметам оти вред е студентскиот парламент, вред е неговото внесување во македонскиот студентски живот, но сметам дека проблемите со кои ќе се соочиме навистина ќе ни наметнат потреба од законска регулатива на таа област.

И не злонамерно спомнувајки еден филозоф од ваша блиска провиниенција, господинот Ферид Мухиќ, мислам дека тоа навистина е како погодок, толкувајки го Законот за високо образование во Црногорски монитор вели: “Нема ефект во законска норма кој што не предизвикува и дефект”. Да сметаме дека тие забелешки што ги нагласивме можат да одат во оваа флоскула.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Шутаров.

Има време за контра реплика, повелете господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Секогаш е поинтересно да се разговара за филозофијата на политиката, отколку за политиката сама по себе. Ајде да не ги мистифицираме работите повеќе од тоа што се. Ниту во овој момент некој прави политизација на студентското движење, бидејки амандманите како што се интегрално предложени од Младинскиот образовен форум само се дивертирани согласно Деловникот како предлог на пратеник. Ако ви пречи Тале Герамитчиоски затоа што е од СДСМ, дајте ќе собереме утре 120 потписи, истиве амандмани ќе ги ставиме.

Втората работа е: да немаме илузии дека ние правиме Парламент по урнек на нашиот само кај студентите. Чувај Боже! Тие треба да имаат форум каде што меѓусебно ќе разговараат и конкурираат за своите идеи, програмски, идеолошки и апсолутно не треба ништо повеќе да им помагаме, освен да не им одмагаме, бидејки во изминатиот период сте виделе ли некоја, дали сте чуле некоја прогресивна, макар и радикална идеа која е официјално од Сојуз на студенти? Не. Тоа е знак дек ане постои студентско организирано движење, тоа е мртво.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ивановски.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Со оглед на времето, овде ја затворам седницата.

Утре ќе продолжиме во 11,00 часот со гласање по амандманот, значи продолжуваме со оваа точка на дневниот ред. Благодарам.

(Седницата прекина во 18,00 часот)